## Истражувачки извештај:

# Барометар за еднакви можности




МЦМС

Истражувачки извештај:

# Барометар за еднакви можности



МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Оваа публикација е поддржана од Генералниот директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности на Европската комисија.

Нејзиното финансирање е обезбедено под покровителство на Програмата за вработување и социјална солидарност на Европскиот комитет (2007-2013 год.). Оваа програма беше направена за да обезбеди финансиска поддршка за имплементација на целите на Европската унија во областа на вработувањето и социјалните дејности, и тоа во вид на вклучување во социјалната агенда и придонес кон постигнувањето на Лисабонската стратегија за успешност во овие области.

Седумгодишната програма е насочена кон сите акционери кои може да помогнат за да се оформи развојот на соодветно и ефектно вработување, социјална практика и одредби, во согласност со ЕУ 27, ЕФТА-ЕЕА и земјите кандидати на ЕУ како и земјите кои претендираат кон членство во ЕУ.

ПРОГРЕСС мисијата има за цел да го зголеми придонесот на ЕУ во поддршката на земјите членки кои имаат свои обврски и заложби да создадат повеќе и подобри работни места, а со тоа да создадат и кохезивно општество. За да се постигне тоа, ПРОГРЕСС ќе има удел во:

- обезбедувањето на анализи и правни совети, врз база на полисите на ПРОГРЕСС;
- надгледување и известување за имплементација на ЕУ легислативата, врз база на полисите на ПРОГРЕСС;
- промовирање на начелата за трансфер, учење и поддршка помеѓу земјите членки на ЕУ, вклучувајќи ги и нивните цели и приоритети; и
- потпирајќи се на погледите на акционерите и општеството воопшто.

For Diversity Against Discrimination
www.stop-discrimination.info

Информациите содржани во оваа публикација не секогаш ја изразуваат позицијата или мислењето на Европската комисија.

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Copyright© 2009 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

Програмата „Македонија без дискриминација” е поддржана од Европската унија

# Содржина:

Вовед 5

Поставување на контекстот 9

Перцепција на дискриминацијата 13

Искуства со дискриминација 25

Борба против дискриминацијата 33

Познавање на правата 35

Став кон еднакви можности при вработување 37

Резиме за одделните форми на дискриминација 43

Прилози:
Методологија на спроведеното истражување 50
Инструмент за анкетирање 51
Дистрибуција на испитаниците во примерокот
на релевантните социо-демографски карактеристики 60

Анализа на податоците низ призмата на досегашните искуства 5

# Вовед

За да го олесни промовирањето и практична примена на законската регулатива против дискриминацијата, Европската Унија ја прогласила 2007 година за „Европска година на еднакви можности за сите". Целта на Европската година била да се запознаат граѓаните на земјите членки на Унијата со нивните права, да се промовира почитување на разликите и да се промовира еднаквост на можностите за сите во Европската Унија.

Пред да започне Европската година на еднакви можности за сите, во летото 2006 година, Европската комисија спровела истражување со кое ги утврдила перцепциите, ставовите, познавањата и свесноста за дискриминацијата и нееднаквоста во Европската Унија. Истражувањето е повторено во зимата 2008 (по завршувањето на Европската година), кога се констатирани промените што настанале како резултат на активностите преземени во текот на претходната промотивна година. Резултатите од ова истражување се објавени во Специјалниот Евробарометар 296, под наслов „Дискриминацијата во Европската Унија: Перцепции, искуства и ставови".[1]

Истражување базирано на истиот инструмент (со мали додатоци) со истата методологија[2] е спроведено во Република Македонија во текот на април 2009 година. Анкетата е направена од страна на Центарот за човекови права и разрешување конфликти, во соработка со Брима од Скопје на примерок од 1.606 испитаници. Автор на извештајот е проф. д-р Виолета Петровска Бешка. Анексот во кој се анализирани податоците низ призмата на досегашните искуства е подготвен од проф. д-р Мирјана Најчевска. Извештајот е дел од проектот „Македонија без дискриминација" што се реализира во рамките на Прогрес-програмата на Европската комисија во Република Македонија и е спроведуван од Полио плус, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Центарот за човекови права и разрешување конфликти (ЦЧПРК) и Министерството за труд и социјална политика. МЦМС е одговорна организација за спроведување на оваа проектна активност.

Предмет на истражувањето се истите шест основи на дискриминација кои се истражувани и во европскиот контекст, а кои се дефинирани со двете антидискриминатор-

…………………………..

1 Насловот на публикацијата во оригинал гласи: Discrimination in the European Union: Perceptions, Experiences and Attitudes. Special Eurobarometer 296, European Commission, 2008 Публикацијата може да се најде на следната интернет-страница на Европската комисија: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/ebs/ebs_296_en.pdf

2 Подетални информации за методологијата на истражувањето може да се најдат во прилозите на овој извештај. Прилог 1, а Прилог 2 го содржи инструментот со прашањата што им се поставувани на испитаниците

ски директиви на Европската Унија[3]: дискриминација врз основа на пол, на етничка припадност, на религија или уверување, на возраст, на инвалидност (односно попреченост во развојот) и на сексуална ориентација. Заради актуелниот контекст, во истражувањето во Република Македонија е додадена и дискриминацијата врз основа на партиска припадност, чие присуство на ниво на земјата не може да се споредува со нејзиното присуство во земјите на Европската Унија.

Извештајот за Република Македонија ја следи главно истата структура како и европскиот извештај:

1 Го поставува контекстот илустрирајќи го диверзитетот на социјалниот круг на испитаниците и нивното себедоживување како припадници на малцинска (дискриминирана) група;

2 Ги презентира перцепциите за различните форми на дискриминација утврдени преку перципираната застапеност на секоја форма одделно и како дел од повеќекратна дискриминација, како и преку ставовите кон различните групи подложни на дискриминација;

3 Ги прикажува мерките на присутната дискриминација по секоја основа посебно, операционализирани како лични дискриминаторски доживувања на испитаниците и/или како сведочења за туѓи дискриминаторски доживувања;

4 Ги изложува процените на напорите на земјата да се бори против дискриминацијата;

5 Го прикажува степенот на познавање на правата од страна на потенцијалните жртви на дискриминација, проценет од страна на испитаниците;

6 Ги изнесува мислењата за еднаквоста на можностите при вработувањето;

7 Ги резимира наодите за дискриминација по секоја основа посебно.

При презентирањето и анализирањето на наодите за секој од истражуваните облици на дискриминација, правени се споредби меѓу различни подгрупи испитаници, дефинирани според следните социо-демографски карактеристики:

- пол;
- возраст;
- ниво на образование – основно (со завршено и незавршено основно), со средно и со повисоко (вишо и високо);
- место на живеење – урбана и рурална средина;
- етничка припадност – Македонци и Албанци (како единствени етнички групи застапени во примерокот во доволен број кој овозможува смислени споредби); и
- религиска припадност – православни и муслимани (како единствени религиски групи застапени во примерокот во доволен број кој овозможува смислени споредби).

3 Racial EПuality Directive, 2000/43/EC, и Employment EПuality Directive, 2000/78/EC

Секаде каде што е можно, во извештајот се споредуваат резултатите од „европското“ истражување со резултатите од „македонското“.

Се очекува резултатите презентирани во извештајот да послужат како илустрација на иницијалната состојба во Република Македонија, пред донесувањето на Законот против дискриминација. Овие резултати може да послужат за следење на ефектите од законот и креирање политики за подобрување на состојбата со дискриминацијата по сите основи.

# Поставување на контекстот

За да може сеопфатно да се анализира прашањето на дискриминација и како на неа се гледа од страна на граѓаните во една земја, неопходно е да се провери дали граѓаните се подготвени да ги сметаат припадниците на различните социјални групи како дел од сопствениот социјален круг и истовремено да се утврди колку се доживуваат себеси како припадници на различните социјални групи што се најподложни на дискриминација.

Наодите од истражувањето (П 1.1.) покажуваат дека **големо мнозинство од граѓаните на Република Македонија изјавуваат дека имаат другари или познаници кои се различни од нив во поглед на политичките ставови, на етничката и на религиската припадност**. Значително мнозинство (повеќе од 60 %) се и оние граѓани кои се изјасниле дека имаат Роми и инвалидизирани лица како другари или познаници. Од друга страна, пак, само 8 % од испитаниците изјавуваат дека во нивниот потесен или поширок социјален круг се среќаваат и лица со хомосексуална ориентација.

**П 1.1. Дали имате другари или познаници кои се.**




Контактите на испитаниците со сограѓаните кои се различни од нив варираат зависно од нивните социо-демографски карактеристики. Според наодите од истражувањето,

отвореноста на контакти со припадниците на различните социјални групи кои се најподложни на дискриминација е детерминирана од различните социо-демографски карактеристики на испитаниците:

- Имањето другари/ познаници кои се припадници на друга *етничка заедница* е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 70 %; средно – 82 %; повисоко – 86,5 %);
  - меѓу машките (85 %), отколку меѓу женските (71 %) испитаници;
  - меѓу жителите на градовите (84%) отколку меѓу жителите на селата (71 %);
  - меѓу Македонците (79 %), отколку меѓу Албанците (69 %).
- Имањето другари/ познаници кои се *Роми* е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 52 %; средно/ повисоко – 64,5 %);
  - меѓу машките (66%), отколку меѓу женските (54 %) испитаници;
  - меѓу жителите на градовите (68,5 %), отколку меѓу жителите на селата (48 %);
  - далеку повеќе кај Македонците (67 %), отколку кај Албанците (33 %);
  - далеку повеќе кај православните верници (67 %), отколку кај муслиманите (43 %), и покрај тоа што повеќето од Ромите се декларираат како муслимани.
- Имањето другари/ познаници кои се *хомосексуалци* е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 5 %; средно – 9 %; повисоко – 13 %);
  - меѓу помладите (15 % кај испитаниците на возраст 19-26 години), отколку ● меѓу повозрасните (само 3,5 % кај постарите од 55 години);
  - меѓу жителите на градовите (10 %), отколку меѓу жителите на селата (5 %);
  - меѓу Македонците (9 %), отколку меѓу Албанците (5 %).
- Имањето другари/ познаници кои се *инвалидизирани* е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 58 %; средно – 68 %; повисоко – 71,5 %);
  - меѓу повозрасните испитаници (најмногу меѓу оние на возраст 38-54 години), отколку кај помладите (15-26 години);
  - меѓу Македонците (68 %), отколку меѓу Албанците (58 %);
  - кај православните верници (68%), отколку кај муслиманите (56%).
- Имањето другари/ познаници кои се со поинаква *религија/ уверување* е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 66 %; средно – 80 %; повисоко – 86 %);
  - меѓу машките (81 %), отколку меѓу женските (70 %) испитаници.

- Имањето другари/ познаници кои се припадници на *политичка партија* со поинакви ставови е позастапено:
  - кај испитаниците со повисоко ниво на образование (основно – 81,5 %; средно – 90 %; повисоко – 97 %).

Направените споредби покажуваат дека образовното ниво на испитаниците е единствената социо-демографска карактеристика која ја детерминира отвореноста за контакти со различните од себе, без оглед на изворот на различност – со нејзиното подигање, се зголемува бројот на другари/ познаници од сите социјални групи кон кои е најчесто насочена дискриминацијата.

Само 27,5 % од граѓаните на Р. Македонија се доживуваат себеси како припадници на некоја од социјалните групи (една или повеќе) што се најподложни на дискриминација (П 1.2.). **Најмногу од оние што се изјасниле дека припаѓаат на некоја малцинска група се доживуваат како етничко малцинство, но и како малцинство во однос на партиската афилијација**. Истовремено, најмал процент од испитаниците се изјаснуваат дека припаѓаат на малцинство според сексуалната ориентација или заради попреченоста во развојот.

**П 1.2. Дали сметате дека во вашето место на живеење припаѓате на...**



21 % од Албанците, само 8 % од Македонците и дури 55 % од припадниците на другите етнички заедници се доживуваат себеси како етничко малцинство во местото на живеење. Од друга страна, како малцинство во однос на партиската припадност/симпатизирање се сметаат себеси 20 % од Албанците, 9 % од Македонците и 17 % од припадниците на другите етнички заедници.

# Перцепција на дискриминацијата

## Перципирано ниво на дискриминација

Процентот на испитаниците што не гледаат присуство на наведените облици на дискриминација е доста низок (меѓу 6 % по партиска основа и 18 % по основа на религија и уверување). Далеку повисок е процентот на оние што мислат дека дискриминацијата е присутна (П 1.).

**Дискриминацијата по партиска припадност се смета за најчест облик на дискриминација во Р. Македонија** – повеќе од три четвртини од испитаниците (78 %) ја гледаат припадноста на политичка партија како честа основа за дискриминација. Потоа **следува дискриминацијата по етничка основа** - повеќе од половината испитаници (55 %) укажуваат на честа застапеност и на овој облик на дискриминација.

**П 1. Колку честа е секоја од наведените форми на дикриминација во РМ?**[4]




Не се за потценување ни процентите што укажуваат на честа застапеност и на другите облици на дискриминација, кои се движат меѓу 48,5 % по основа на возраст, 45 % по

…………………………..

4 Во графикот не се прикажани процентите добиени за одговорот „не знам".За разлика од сите други облици на дискриминација за кои многу мал процент од испитаниците изразиле непознавање (најмногу до 5 %), за дискриминацијата базирана на сексуална ориентација дури 20 % одговориле дека не знаат дали се случува или не.

основа на инвалидност, 40 % по основа на пол и на сексуална ориентација и 37 % по основа на религија/ уверување. Сепак, за сите наведените облици на дискриминација (освен за дискриминација по религиска основа) побројни се испитаниците кои сметаат дека се среќаваат често, отколку оние што одговориле дека се среќаваат ретко.

Забележителни разлики меѓу социо-демографските карактеристики на испитаниците кои се изјасниле дека определен облик на дискриминација се јавува често, се најдени само за некои форми на дискриминација:

- Дискриминација по основа на *етничка припадност* е честа појава кај:
  - повеќе помлади (15-26 години – 61 %), отколку повозрасни (над 54 години – 47 %) испитаници;
  - далеку повеќе Албанци (75 %), отколку Македонци (45 %);
  - далеку повеќе припадници на муслиманската (69 %), отколку на православната (48%) вероисповед.
- Дискриминација по основа на *религија/ уверување* е честа појава кај:
  - повеќето помлади (15-26 години – 44 %), отколку повозрасни (над 54 години – 31%) испитаници;
  - повеќето Албанци (49,5 %), отколку Македонци (32 %);
  - повеќето припадници на муслиманската (47 %), отколку на православната (32 %) вероисповед.
- Дискриминација по основа на *полова припадност* е честа појава кај:
  - повеќето Албанци (49 %), отколку Македонци (38 %).
- Дискриминација по основа на *сексуална ориентација* е честа појава кај:
  - повеќето помлади (15-26 години), отколку повозрасни (над 54 години) испитаници;
  - повеќето испитаници со средно и повисоко образование (24,5 %), отколку со основно (14%);
  - повеќето Македонци (44 %), отколку Албанци (28%);
  - повеќето припадници на православната (45 %), отколку на муслиманската (27 %) вероисповед;
  - повеќето испитаници што живеат во град (45 %), отколку во село (32 %).
- Дискриминација по основа на *инвалидност* е честа појава кај:
  - повеќето испитаниците со повисоко образование (основно – 41 %; средно – 45 %; повисоко – 53 %).
- Дискриминација по основа на *партиска припадност* е честа појава кај:
  - повеќето испитаници на работоспособна возраст (19-64 години – во просек 80 %), отколку од другите возрасти (15-18 год – 62 % и над 64 год – 70 %).

Колку често ќе се перципира определена форма на дискриминација, зависи и од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни на дискриминација (П 1./ П 1.1.) и дали испитаниците себеси се дефинираат како припадници на малцинска (дискриминирана) група (П 1./ П 1.2.). Резултатите покажуваат дека **веројатноста да се перципира позачестено присуство на определен облик на дискриминација е поголема доколку лицата имаат другари и/ или познаници кои припаѓаат на групи подложни на дискриминација, а уште поголема доколку себеси се доживуваат како припадници на малцински групи подложни на дискриминација**.

| П 1. Колку е честа дискриминацијата врз основа на: | | | П 1.1. Имаат другари или познаници кои се припадници на соодветните „други“ (дискриминирани) групи | | П1.2. Себеси се дефинираат како малцинство по наведената основа |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да | Не | |
| етничка припадност | Честа | 55 % | 56 % | 49 % | 62,5 % |
| | Ретка | 30 % | 28 % | 37 % | 27,5 % |
| инвалидност | Честа | 45 % | 47 % | 41 % | 61 % |
| | Ретка | 37 % | 36 % | 38 % | 27,5 % |
| сексуална ориентација* | Честа | 40 % | 57 % | 39 % | 64 % |
| | Ретка | 24 % | 28 % | 24 % | 23 % |
| религија или уверување | Честа | 37 % | 38 % | 33 % | 49 % |
| | Ретка | 40 % | 38 % | 46 % | 36 % |
| политичка припадност | Честа | 78 % | 80 % | 67 % | 88 % |
| | Ретка | 13 % | 13 % | 14,5 % | 9 % |

* само 22 од 1.606 испитаника се изјасниле како сексуално малцинство.

Според резултатите од истражувањето спроведено **во земјите од Европа** (П 1-EU)**, дискриминацијата по етничка основа се перципира како најраспространета, а по неа следува дискриминацијата базирана на сексуална ориентација**. Истата констатација се однесува и на двете споредувани години. Во врска со другите облици на дискриминација, на кои генерално се гледа како на поретки, во 2008 г. е забележан пад на процентот на испитаници кои веруват дека се широко распространети.

**П 1-EU Колку е честа секоја од наведените форми на дикриминација во Европа?** [5]




Навидум, споредбата меѓу перцепциите на граѓаните на Р. Македонија и перцепциите на граѓаните на Европската заедница (П 1 и П 1-EU) укажува на пораширена дискриминација на повеќето облици на дискриминација во Европа – освен дискриминација по пол и возраст, сите други облици се перципирани како пораспространети. Добиените разлики може да се должат на поголемата толерантност на дискриминација (односно намалена сензитивност за регистрирање на присуството на дискриминација) присутна кај граѓаните на Р. Македонија, што произлегува и од фактот што значително помал процент на испитаниците од земјите на Европската заедница перципираат отсуство на различните облици на дискриминација.

Дури 60 % од граѓаните на Р. Македонија (П 2.) сметаат дека **дискриминацијата по основа на партиска припадност е почеста сега, отколку пред пет години**. Само уште кога се работи за дискриминацијата по етничка основа, процентот на оние што

5 Процентите што се однесуваат на одговорите *често* се добиени со акумулирање на одговорите *доста често* и *многу често* и следствено на тоа, процентите што се однесуваат на одговорите *ретко* се добиени со акумулирање на одговорите *доста ретко* и *многу ретко*. Во европскиот прашалник не е понудена алтернативата *не постои*, иако е бележена кога се јавувала како спонтан одговор. Во графиконот нема резултати за дискриминација по партиска основа затоа што тоа не е проверувано со европскиот прашалник.

мислат дека нејзината зачестеност е зголемена во последните пет години (37 %) е поголем од процентот на оние што не гледаат промени во состојбата (33 %) или гледаат подобрување (26 %).

Најголем број од испитаниците забележале подобрување кај дискриминацијата по основа на инвалидност (30 %) и по основа на полова и на религиска припадност (29 %), иако кај сите три наведени форми на дискриминација доминираат испитаниците кои сметаат дека состојбата е непроменета.

Тоа покажува дека граѓаните на Р. Македонија не ја перципираат политичко-партиската афилијација само како најраспространета основа за дискриминација, туку и како единствена која во последните пет години видно зачестува.

### П 2. Колку почести се различните форми на дискриминација во РМ сега, споредено со ситуацијата од пред 5 години?




**Жителите од Европската заедница сметаат дека дискриминацијата по сите основи, освен по етничка припадност, бележи тренд на намалување** (П 2-EU). Единствено дискриминацијата по етничка основа се перципира како пораспространета, без промени во двете споредувани години. За другите облици на дискриминација, испитаниците не само што се изјасниле дека се поретки во последните пет години, туку бележат и тренд на намалување. Тоа покажува дека на етничката припадност се гледа и како на најчеста основа за дискриминација и како на единствена која станува сè позастапена во последните години.

### П 2-EU Колку почести се различните форми на дискриминација во Европа сега, споредено со ситуацијата од пред 5 години? [6]




Споредбата на резултатите добиени од истражувањето во Р. Македонија со истражувањата во Европската заедница (П 2 и П 2-EU) покажуваат дека во последните пет години во Р. Македонија дискриминацијата по етничка и религиска основа, како и врз основа на сексуална ориентација доживува помала експанзија отколку што е тоа случај во земјите на Европската Унија. Сепак, многу е поголем процентот на жителите на Европската заедница кои сметаат дека состојбата во поглед на различните облици на дискриминација (сите, освен по етничка основа) се подобрува – за истите облици на дискриминација поголемиот процент од жителите на Р. Македонија смета дека состојбата е непроменета.

6 Процентите што се однесуваат на одговорите почесто се добиени со акумулирање на одговорите доста почесто и многу почесто и следствено на тоа, процентите што се однесуваат на одговорите поретко се добиени со акумулирање на одговорите доста поретко и многу поретко. Во европскиот прашалник не е понудена алтернативата иста, иако е бележена кога се јавувала како спонтан одговор. Во графиконот нема резултати за дискриминација по партиска основа затоа што тоа не е проверувано со европскиот прашалник.

## Перцепција на повеќекратна дискриминација [7]

**Половината од граѓаните (51 %) сметаат дека дискриминацијата по повеќе основи е честа појава** во Р. Македонија (П 5.). Тоа ја лоцира повеќекратната дискриминација на самиот врв од ранг-листата на најзастапени поединечни облици на дискриминација, веднаш по дискриминацијата по партиска и по етничка основа.

Во другата половина од испитаниците, освен оние што сметаат дека повеќекратната дискриминација е ретка појава (34 %), спаѓаат и такви кои мислат дека не постои, но и 10 % кои не знаат.

### П 5. Колку честа е повеќекратната дискриминација во РМ?




Резултатите добиени на „македонскиот" прашалник се многу слични со резултатите добиени на „европскиот" прашалник. 48 % од испитаниците од земјите од Европската заедница сметаат дека повеќекратната дискриминација е честа појава, наспроти 37 % кои мислат дека е ретка и 5 % кои спонтано одговориле дека не е присутна.

Во контекст на Р. Македонија постои разлика во перципирањето на зачестеноста на повеќекратната дискриминација определена со етничката и со религиската припадност на граѓаните. Повеќе Албанци (75 %), отколку Македонци (48 %) и повеќе муслимани (69 %), отколку православни (48 %) гледаат на повеќекратната дискриминација како на честа појава.

Одговорите покажуваат дека перцепцијата на распространетоста на дискриминацијата по повеќе основи е изразено поврзана со перцепцијата на присуството на дискриминацијата по една основа (П 1./П 5.). Во Р. Македонија (како и во Европа)

7 Терминот *повеќекратна дискриминација* се користи за да се означи дискриминација по повеќе од една основа.

многу голема е веројатноста **испитаниците кои сметаат дека некој од облиците на дискриминација е често застапен, истовремено да веруваат дека и повеќекратната дискриминација е честа појава**.

| П 5. Колку е честа повеќекратната дискриминациа | | П 1. Колку е честа секоја од наведениве форми на дискриминација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Етничка припадност | Пол | Сексуална ориентација | Возраст | Религија/ уверување | Инвалидност | Партиска припадност |
| Честа | 51 % | 66 % | 66 % | 64 % | 62 % | 70 % | 64 % | 57 % |
| Ретка | 34 % | 24 % | 25 % | 28 % | 27 % | 22 % | 26 % | 31 % |

Истото што важеше за поврзаноста на имањето пријатели/ познаници од групите подложни на дискриминација со перцепцијата на определена форма на дискриминиција не се однесува на неговата поврзаност со перцепцијата на повеќекратна дискриминација. Колку често ќе се перципира повеќекратната дискриминација не зависи од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни на дискриминација (П 5./П 1.1.).

| П 5. Колку е честа повеќекратната дискриминација | | П 1.1. Имаат пријатели или познаници: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од друга етничка заедница | Роми | хомосексуалци | инвалидизирани | со поинаква религија/ уверување | од политичка партија со која не се согласуваат |
| Честа | 51 % | 53 % | 50 % | 52 % | 53 % | 53 % | 52 % |
| Ретка | 34 % | 33 % | 35 % | 40 % | 33 % | 33 % | 34 % |

## Прифаќање на разликите

**Граѓаните на Р. Македонија се чувствуваат главно пријатно во врска со различноста во своето опкружување** (П 6.). Степенот на прифаќање на разликите во приватната сфера на живеењето, мерен преку подготвеноста да се има сосед кој е „поинаков“, е доста висок за сите припадници на наведените групи, освен за лицата со хомосексуална ориентација. Искажаната потреба на испитаниците социјално да се дистанцираат од лицата со телесни пречки во развојот и од припадниците/ симпатизерите на друга политичка партија е најниска. Истовремено, испитаниците

не изразуваат потреба социјално да се дистанцираат од Ромите и припадниците на „другите“[8] етнички и религиски заедници. **Единствено потребата за социјално дистанцирање од лицата со хомосексуална ориентација е многу високо изразена**.

### П 6. Користејќи скала од 1 (многу непријатно) до 10 (сосема пријатно), означете како Вие лично би се чувствувале доколку би имале сосед што е...[9]




Разликите во социо-демографските карактеристики на испитаниците се одразуваат и на разлики во прифаќањето на различностите. Споредбата меѓу добиените просечни степени на прифаќање покажува дека:[10]

- Испитаниците од женски пол се поподготвени да прифатат *хомосексуалци* и *припадници на друга етничка заедница* како соседи;
- Поголема подготвеност да ги прифатат како соседи сите шест наведени категории на „различни“ од себе повеќе искажуваат:
  - Македонците, отколку Албанците;
  - православните, отколку муслиманите;

...............................

8 Терминот „*другите*“ во наводници се користи за да означи дека се работи за групи/ заедници на кои испитаниците не им припаѓаат.

9 Графикот ги прикажува просечните износи на направените процени на скала од 1 до 10, пресметани во вид на аритметички средини. Повисоките аритметички средини укажуваат на поголем степен на пријатност, а пониските на поголем степен на непријатност во дадената ситуација (средната точка изнесува 5,5).

10 Прикажани се само разликите што се статистички значајни ($p<0,05$)

- жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини.

- Испитаниците со повисоко образование се поподготвени да имаат соседи што се *хомосексуалци*, припадници на *друга етничка заедница*, на *друга религија/ уверување* и на друга *политичка партија,* од испитаниците со основно образование.

Истражувањето спроведено во земјите на Европската Унија (2008 година) покажало дека за нивните граѓани, од сите наведени потенцијални соседи, најприфатливи се лица со пречки во развојот (9,1), па потоа следуваат припадници на друга религија уверување (8,5), на друга етничка група (8,1) и хомосексуалци (7,9), а на крајот се Ромите (6,0). Споредено со нив, граѓаните на Р. Македонија покажуваат потреба за поголемо социјално дистанцирање кога се работи за сите потенцијално дискриминирани групи, освен за Ромите. Испитаниците во „европското" истражување искажуваат помала подготвеност за прифаќање на Ромите во своја близина, но сепак, далеку помалку се дистанцираат од нив, отколку што испитаниците од Македонија се дистанцираат од хомосексуалците. Со други зборови, ако во Европа е подобро да си хомосексуалец отколку Ром, во Македонија е подобро да си Ром, отколку хомосексуалец.

**П 8. Користејќи скала од 1 (многу непријатно) до 10 (сосема пријатно), означете како би се чувствувале доколку носител на највисоката изборна позиција на власт во РМ е...**



Кога се работи за јавната сфера (П 8.), искажаната толерантност за разликите се намалува. Така, **граѓаните многу лесно би можеле да прифатат претседател на Р. Македонија да биде жена**, и тоа многу полесно отколку носител на највисоката изборна позиција на власта да биде во рацете на припадник на политичка партија во опозиција и уште повеќе, отколку да биде во рацете на припадник на немнозинска етничка или религиска група.[11] Кога се работи за возраста на носителот на највисоката власт, за граѓаните е главно прифатливо власта да му се препушти на многу млад политичар, а главно неприфатливо на доста постар. Истовремено, **потребата за дистанцирање од лицата со хомосексуална ориентација се повторува и во јавната сфера**.

Различните групи испитаници изразуваат различен степен на прифаќање на различностите и во јавната сфера[12]:

- Поголема подготвеност за прифаќање *жена* на позицијата претседател на државата искажуваат:
  - женските, отколку машките испитаници;
  - Македонците, отколку Албанците;
  - православните, отколку муслиманите;
  - жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини.
- Поголема подготвеност за прифаќање *хомосексуалец* на највисоката изборна позиција на власт искажуваат:
  - Македонците, отколку Албанците;
  - православните, отколку муслиманите;
  - жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини;
  - испитаниците со повисоко и со средно образование, од оние со основно.
- Поголема подготвеност за прифаќање лице со *телесни пречки во развојот* на највисоката функција искажуваат:
  - жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини;
  - испитаниците со повисоко, од оние со основно образование.
- Поголема подготвеност за прифаќање припадник на *немнозинска етничка заедница* или на *немнозинска религиска група* на највисоката функција искажуваат:
  - муслиманите, отколку православните;

……………………………..

11 Резултатите добиени со анкетата сепак треба да се земат со резерва, посебно во однос на искажаните ставови поврзани со родовата еднаквост. Имено, социјално пожелните одговори се многу очекувани во оваа област што води кон исклучително голема дискрепанца меѓу изјавите на испитаниците и ситуацијата во практиката. Токму родовата димензија беше потенцирана како исклучително значајна на последните локални избори (март 2009 година), кога за прв пат не е избрана ниту една жена градоначалник.

12 Прикажани се само разликите што се статистички значајни ($p<0,05$)

- жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини;
- испитаниците со повисоко, од оние со средно образование.

- Поголема подготвеност за прифаќање лице *помладо од 30 години* на највисоката функција искажуваат:
  - женските, отколку машките испитаници;
  - Албанците, отколку Македонците;
  - муслиманите, отколку православните
  - жителите од руралните средини, отколку жителите од урбаните средини;
  - најмладите испитаници (15-18 години), во однос на постарите (над 54 години).
- Поголема подготвеност за прифаќање лице *постаро од 75 години* на највисоката функција искажуваат:
  - жителите од урбаните средини, отколку жителите од руралните средини.

Истото прашање поставено на граѓаните на Европската Унија (2008 година) покажало дека за нив нема многу дилеми дека на највисоката изборна позиција во власта во нивните земји може да биде припадник на религија/ уверување што е различно од религијата/ уверувањето на мнозинството граѓани во земјата (9,0), жена (8,9) и лице со пречки во развојот (8,0). Извесно двоумење се јавува кога се работи за избор на хомосексуалец (7,0) и лице со етничко потекло различно од мнозинството граѓани (6,4). Кога е во прашање возраста, за испитаниците е поприфатливо власта да ја дадат на лице помладо од 30 години (6,4), отколку на лице постаро од 75 години (5,4).

Споредени со граѓаните на Европската заедница, граѓаните на Р. Македонија покажуваат помал степен на толеранција кога се работи за избор на претседател на државата од редовите на инвалидизираните лица, уште помал кога е во прашање лице со религија/ уверување поинаква од мнозинството, а најмал кога се зборува за хомосексуалец (било маж или жена) како потенцијален носител на функцијата.

# Искуства со дискриминација

## Лични искуства со дискриминација

**П 3. Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани врз основа на...** [13]




**Дури 33,5 % од испитаниците се изјаснуваат дека во текот на последната година биле жртва на дискриминација или малтретирање** најмалку по една од

……………………………..

13 На испитаниците им е дадена можност да наведат една или повеќе основи на дискриминација

основите што се предмет на истражувањето. Процентот изгледа уште поголем доколку се спореди со резултатите добиени во „европското“ истражување (2008 година), кои покажуваат дека само 15 % од граѓаните во Европската Унија се изјасниле дека биле жртви на дискриминација или малтертирање по една или повеќе основи[14].

**Најчесто посочена е дискриминацијата по основа на партиска припадност**, а потоа следува етничката припадност како основа за дискриминација (П 3.). Споредено со нив, возраста, полот и религиската припадност се посочени од помал процент испитаници. Со најмал процент се застапени испитаниците кои доживеале дискриминација по основа на инвалидност и сексуална ориентација, што може да се должи на ниската процентуална затапеност на инвалидизираните лица и лицата со хомосексуална ориентација во примерокот.

Жртвите на дискриминација се различно застапени во различните групи испитаници:

- Поголем процент на жртви на дискриминација по основа на *партиска припадност* има:
  - меѓу мажите (21 %), отколку меѓу жените (15 %);
  - меѓу испитаниците со повисоко образование (основно – 6 %; средно – 19 %; повисоко – 22 %);
  - меѓу Албанците (30%), отколку меѓу Македонците (14,5 %);
  - меѓу муслиманите (27,5 %), отколку меѓу православните (14 %);
  - меѓу испитаниците од село (22 %), отколку меѓу испитаниците од град (15 %).
- Поголем процент на жртви на дискриминација по *етничка* основа има:
  - меѓу Албанците (34 %), отколку меѓу Македонците (5 %);
  - меѓу муслиманите (32 %), отколку меѓу православните (4 %);
  - меѓу испитаниците од село (18 %), отколку меѓу испитаниците од град (5 %).
- Поголем процент на жртви на дискриминација по основа на *религија/ уверување* има:
  - меѓу Албанците (17 %), отколку меѓу Македонците (2 %);
  - меѓу муслиманите (15,5 %), отколку меѓу православните (2 %).
- Поголем процент на жртви на дискриминација по *полова* основа има:
  - меѓу Албанците (14 %), отколку меѓу Македонците (4 %);
  - меѓу муслиманите (13 %), отколку меѓу православните (4 %).
- Поголем процент на жртви на дискриминација по основа на *инвалидност* има:
  - меѓу Албанците (7 %), отколку меѓу Македонците (1,5 %);
  - меѓу муслиманите (6 %), отколку меѓу православните (1 %).

14 Најголем процент на жртви на дискриминација е добиен во одговорите на испитаниците од Австрија – 25 %, а најмал во Грција – 7 %

Резултатите укажуваат на **силно изразена поврзаност меѓу самоопределувањето како припадник на определена малцинска група подложна на дискриминација и личното доживување на жртва на дискриминација** (П 3./ П 1.2.), што дефинитивно доаѓа до израз кога се работи за дискриминација по основа на политичка и етничка припадност. Графиконот покажува дека повеќе од една третина од испитаниците што себеси се определуваат како припадници на етничко малцинство велат дека во текот на последната година биле жртва на дискриминација по едната и по другата основа. Ваквата поврзаност може да значи дека за припадниците на малцинските групи е поголема веројатноста да бидат жртви на дискриминација, но и дека личното искуство како жртва на дискриминација придонесува луѓето да се перципираат себеси како припадници на малцинска група во статусна смисла.

**П 3./П 1.2. Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани врз основа на...**

**- процент од оние кои се сметаат за припадници на дискриминирано малцинство**[15]




## Искуства со повеќекратна дискриминација

**17 % од испитаниците изјавиле дека во текот на последната година биле повеќекратно дискриминирани**. Всушност, **половината од испитаниците кои почувствувале дискриминација по каква било основа биле дискриминирани по две или повеќе основи**.

За 10 % од вкупниот број испитаници дискриминацијата по партиска и/ или етничка припадност била барем една од основите на повеќекратната дискриминација (П 3. (3)). Меѓутоа, само нешто повеќе од половина од испитаниците што биле дискриминирани поради партиската припадност и 80 % од оние што биле дискриминирани поради етничката припадност биле изложени на повеќекратна дискриминација.

..............................

15 Во графиконот се прикажани само вкрстувањата за партиска и етничка припадност затоа што процентот на испитаници кои се дефинирале како припадници на дискриминирано малцинство само за овие две категории надминува 10 % (12,5 % за припадност на малцинска политичка партија и 16 % за припадност на малцинска етничка заедница).

Веројатноста да бидат повеќекратно дискриминирани е најголема за лицата што се жртви на дискриминација по основа на сексуална ориентација, религија/ уверување и пол (П 3. (4)).

| | П 3. Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани врз основа на... | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Етничка припадност | Пол | Сексуална ориентација | Возраст | Религија/ уверување | Инвалидност | Партиска припадност |
| (1) Број на испитаници што се почувствувале дискриминирани по одредена основа | 539 | 208 | 108 | 16 | 143 | 97 | 43 | 292 |
| (2) Број на испитаници што почувствувале повеќекратна дискриминација | 273 | 168 | 93 | 16 | 100 | 91 | 35 | 167 |
| (3) Процент на испитаници што почувствувале повеќекратна дискриминација | 17 % | 10,4 % | 5,8 % | 1 % | 6,2 % | 5,7 % | 2,2 % | 10,4 % |
| (4) Процент на испитаници што почувствувале повеќекратна дискриминација од оние што биле дискриминирани по дадена основа | 50,6 % | 80,8 % | 85,3 % | 100 % | 69,4 % | 93,8 % | 81,4 % | 57 % |

## Присуство при дискриминација на други лица

Во текот на последната година, **сведоци на дискриминација или малтертирање насочени кон други лица биле 38,8 % од испитаниците** (П 4.). Овој процент е повторно поголем од процентот на сведоци на дискриминација што е добиен во „европското“ истражување, кој во просек изнесува 29 %[16]. Кога ќе се споредат процентите на жртвите и сведоците добиени со македонското истражување и оние

16 Само во две земји од Европската Унија е добиен поголем процент на сведоци на дискриминација: Шведска – 46 % и Австрија – 42 %.

добиени со европското истражување, може да се констатира дека **степенот на дискриминација во Р. Македонија е далеку поголем од просечниот степен на дискриминација во земјите на Европската Унија**.

**П 3.** **Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани врз основа на...**

**П 4.** **Дали во изминатите 12 месеци сте биле сведок кога некој бил дискриминиран или малтретиран по основа на...**[17]




……………………………..

17 На испитаниците им е дадена можност да наведат една или повеќе основи на дискриминација и тогаш кога лично ја доживеале (П 3.) и тогаш кога биле сведок (П 4.)

Забележлив, но не и изненадувачки, е фактот што (П 3. и П 4.) процентот на сведоци на дискриминација е поголем од процентот на жртви на дискриминација по повеќето истражувани основи, а особено кога се работи за дискриминација по основа на инвалидност и сексуална ориентација. Истовремено, и редоследот на процентите на испитаниците кои изјавиле дека се жртви и оние кои изјавиле дека се сведоци не се разликува за различните облици на дискриминација – процентот на сведоци е повторно највисок за дискриминација по партиска основа, па потоа по етничка основа и следуваат сите други.

Постои поврзаност меѓу личното доживување на дискриминација и сведочење дека тоа им се случило на други (П 3./П 4.). Процентот на жртви на дискриминација по една или повеќе основи, кои биле и сведоци на дискриминација на други е далеку поголем од процентот на оние кои не биле дискриминирани, но изјавиле дека виделе како тоа им се случува на други. Тоа покажува дека чувствувањето на дискриминацијата на сопствената кожа ги прави луѓето почувствителни да забележуват дискриминативни постапки упатени кон други.

| П 4. Сведоци на дискриминација | П 3. Лично дискриминирани | | |
|---|---|---|---|
| | Не биле дискриминирани | Дискриминирани по една основа | Дискриминирани по повеќе основи |
| Не биле сведоци на дискриминација | 79 % | 39,5 % | 19 % |
| Биле сведоци на дискриминација | 21 % | 60,5 % | 81 % |

Резултатите од истражувањето покажуваат дека **разликите во возраста, образованието, етничката и религиската припадност на граѓаните на Р. Македонија придонесуваат да се јават разлики во забележувањето и искажувањето на сопствено присуство при дискриминација или малтретирање на други**. Помладите и пообразованите испитаници се поподготвени да го сторат тоа. Истовремено, повеќе Албанци отколку Македонци и повеќе муслимани отколку православни верници, не само што се изјаснуваат како жртви на дискриминација, туку и забележуваат и искажуваат присуство на дискриминација на други.

Истражувањето не ги потврди очекувањата за постоење поврзаност меѓу имањето припадници на различни групи подложни на дискриминација во својот социјален круг и сведочењето кога некој е дискриминиран по основа на припадноста на таква група (П 4./П 1.1.). Вкупниот процент на испитаници кои биле сведоци на дискриминација не е помал од процентот на сведоци меѓу оние испитаници кои изјавиле дека имаат другари и/ или познаници што се припадници на посочените социјални групи. Тоа важи за сите ситуации, освен за случаите кога другарите/ познаниците се со поинаква сексуална ориентација.

| П 4. Биле сведок кога некој бил дискриминиран или малтретиран по основа на.. | | П1. 1. Имаат другари или познаници кои се... | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од друга етничка заедница | Роми | инвалидизирани | хомосексуалци | од друга религија/ уверување | од друга политичка партија |
| Етничка припадност | 15 % | 17 % | 12,5 % | | | | |
| Инвалидност | 5 % | | | 5 % | | | |
| Сексуална ориентација | 3 % | | | | 16 % | | |
| Религија/ уверување | 6,5 % | | | | | 7 % | |
| Партиска припадност | 25 % | | | | | | 25 % |

Постои поврзаност меѓу сведочењето на присуство на дискриминација и перцепцијата на застапеноста на дадениот облик на дискриминација (П 4./П 1.). Резултатите покажуваат дека процентот на испитаниците што изјавиле дека биле сведоци на дискриминација по одредена основа е многу висок – за сите облици на дискриминција надминува 60 %, а за дискриминацијата по партиска и етничка основа е уште повисок.

| П 4. Биле сведок кога некој бил дискриминиран или малтретиран по основа на... | | П1. Мислат дека во РМ дискриминацијата по наведените основи е честа* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Етничка припадност | Пол | Сексуална ориентација | Возраст | Религија/ уверување | Инвалидност | Партиска припадност |
| Етничка припадност | 55 % | 83 % | | | | | | |
| Пол | 40 % | | 65 % | | | | | |
| Сексуална ориентација | 40 % | | | 62 % | | | | |
| Возраст | 48,5 % | | | | 61 % | | | |
| Религија/ уверување | 37 % | | | | | 67 % | | |
| Инвалидност | 45 % | | | | | | 67 % | |
| Партиска припадност | 78 % | | | | | | | 91 % |

* колкав процент од испитаниците што изјавиле дека се сведоци на дискриминација по дадена основа сметаат дека дискриминацијата по истата основа е честа

# Борба против дискриминацијата

**Граѓаните на Р. Македонија се поделени по однос на тоа дали во земјата се вложуваат напори за прашањето за борба против дискриминацијата** (П 11.). Од онаа половина испитаници кои сметаат дека се вложуваат такви напори (46 %), многу малку го проценуваат вложувањето како вистинско. Во другата половина на испитаници (49 %) превладуваат оние што мислат дека не се вложуваат вистински напори. Сепак, **бројот на оние што сметаат дека напорите се вистински е скоро двојно помал од оние што негираат присуство на какви било напори во борбата против дискриминацијата**.

**П 11. Дали во РМ се вложуват доволно напори за борба против сите облици на дискриминација?**




Споредбата со резултатите добиени на ниво на Европска заедница покажува дека процените на вложените напори во борбата против дискриминацијата не се разликуваат во голема мера. Меѓу граѓаните на европските земји доминираат оние чие мислење не спаѓа во една од двете крајности, туку може да се лоцира некаде на средината – по 36 % од испитаниците тврдат дека се вложуваат напори до извесен степен, односно дека не се вложуваат вистински напори. Истовремено, и процентот на испитаниците во крајно спротивставените категории на одговори не се разликува – 11 % се согласуват дека вистински се вложуваат напори и 12 % мислат дека не се вложуваат никакви напори. Највпечатливата разлика меѓу нив и испитаниците од Р.

Македонија е во тоа што **скоро двојно е помал бројот на испитаниците од европските земји кои исклучуваат постоење на какви било напори во борбата против дискриминацијата**.

Меѓу оние што сметаат дека во Р. Македонија не се вложуваат доволно напори во борбата против дискриминацијата доминираат помлади испитаници (особено на возраст 19-37 години – 56 %), припадници на албанската етничка заедница (68 % наспроти Македонците – 43 %) и муслимански верници (63 % наспроти православните – 63 %).

Процените на мерките што се преземаат во борбата против дискриминацијата се во голема мера поврзани со перцепциите на испитаниците во врска со зачестеноста на различните облици на дискриминација (П 11./П 1.). **Повеќето од оние што мислат дека дискриминацијата е честа појава во земјата тврдат и дека не се преземаат доволно мерки во борбата против неа**.

| П 11. Дали во Р. Македонија се вложуваат доволно напори за борба против сите облици на дискриминација? | | П 1 Испитаници коишто перципираат дека дискриминацијата во Р. Македонија е честа. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Инвалидност | Етничка припадност | Пол | Сексуална ориентација | Возраст | Религија или уверување |
| Да | 45,8 % | 42,8 % | 40,8 % | 42,3 % | 47,7 % | 43,4 % | 42,4 % |
| Не | 48,8 % | 52,3 % | 55,0 % | 53,2 % | 48,4 % | 52,4 % | 53,2 % |

Истовремено, и доживеаната дискриминација, било како лично искуство или како сведочење на туѓо искуство, влијае врз процената на преземените мерки (П 11./П 3./ П 4.). **Оние што се изјасниле дека имаат искуство со каков било облик на дискриминација, ги доживуваат антидискриминациските мерки како незадоволителни**.

| П 11. Дали во Р. Македонија се вложуваат доволно напори за борба против сите облици на дискриминација? | | П 3. Испитаници коишто лично биле дискриминирани во последните 12 месеци | | | П 4. Испитаници коишто биле сведоци на дискриминација во последните 12 месеци | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Не | Една основа | Повеќе основи | Да | Не |
| Да | 45,8 % | 51,7 % | 41,7 % | 29,3 % | 38,9 % | 51 % |
| Не | 48,8 % | 43 % | 55,3 % | 64,8 % | 56,1 % | 43,9 % |

# Познавање на правата

**О**д изјавите на испитаниците во истражувањето може да се заклучи дека **повеќе од половината од граѓаните на Р. Македонија не ги знаат своите права во случај да се жртва на дискриминација** (П 12.). Сепак, процентот на испитаниците што изјавуваат дека ги знаат правата е поголем од процентот на испитаниците од земјите на Европската Унија (33 % ги знаат, а 53 % не ги знаат).

**П 12. Дали знаете кои се вашите права во случај да сте жртва на дискриминација?**




Граѓаните кои ги знаат своите права во случај да се жртва на дискриминација се разликуваат по неколку социо-демографски карактеристики. Меѓу нив позастапени се испитаниците со *повисоко бразование* (58 %), наспроти оние со средно (41 %) и со основно (33 %) и припадниците на *албанската етничка заедница* (50 %), наспроти припадниците на македонската (37 %).

Нормално е да се очекува лицата што се жртви на дискриминација повеќе да ги знаат своите права, затоа што на тој начин полесно можат да се изборат против дискриминацијата (П 11./П 3.). Во контекст на Р. Македонија, испитаниците што биле дискриминирани не се посвесни за своите права. Единствено може да се зборува за благо зголемено ниво на свесност кај оние што биле жртва по повеќе основи, но за другите може и да се заклучи дека **непознавањето на правата ги прави поподложни жртви на дискриминација**.

| П 12. Дали знаете кои се вашите права во случај да сте жртва на дискриминација? | | П 3. Испитаници коишто лично биле дискриминирани во последните 12 месеци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Не биле дискриминирани | По една основа | По повеќе основи |
| Да | 40,5 % | 40,1 % | 36,8 % | 46,5 % |
| Не | 55,6 % | 55,9 % | 59,8 % | 49,8 % |

# Став кон еднакви можности при вработување

## Фактори што го отежнуваат вработувањето

Според мислењето на граѓаните на Р. Македонија, **партиската припадност на кандидатот за вработување е факторот од кој најмногу зависи неговото/ нејзиното вработување**. **Потоа следуваат возраста и етничката припадност** како дополнителни фактори (за кои се изјасниле над 25 % од испитаниците), кои можат да го загрозат вработувањето на кандидатите во услови на еднаква стручност за работата. Од другата страна на најмалку загрозувачки фактори се наоѓаат: адресата на живеење, пушачките навики, изразувањето религиско уверување и името на кандидатите (П 7.).

Сите испитаници, независно од нивните социо-демографски карактеристики, се согласуваат дека партиската припадност е највлијателниот фактор при вработувањето. Кога се работи за возраста како фактор при вработување, се јавуваат разлики диктирани од образовното ниво на испитаниците (со основно - 35 %, со средно 42 % и со повисоко - 49 %) и нивната етничка припадност (Македонците - 44 %, а Албанците - 30 %). Етничката припадност на испитаниците дефинира и разлики во тоа колку етничката припадност е основа за дискриминација при вработувањето – наведена е од страна на 47,5 % од Албанците и само 18,5 % од Македонците.

Во европски контекст се издвоени повеќе фактори кои можат да го загрозат вработувањето на кандидатите, независно од нивните квалификации. Меѓу оние што ги навеле, најмалку една четвртина од вкупниот број испитаници бележат тренд на опаѓање[18]: возраста (45 %), бојата на кожата или етничката припадност (42 %) и попреченоста во развојот (41 %). Во групата на најизразени спаѓаат и такви кои се одржуваат на истото високо ниво: начинот на облекување (50 %), општиот физички изглед (38 %) и начинот на зборување (34 %). Единствено изразувањето религиско уверување (26 %) бележи нагорен тренд и веќе може да се смета за еден од повлијателните фактори што го загрозуваат вработувањето на кандидатите.

……………………………..

18 Трендовите се резултат на разликата во процентот на добиени одговори од 2006 до 2008 година. Во заградите по наведените фактори се при кажани процентите од 2008 година.

**П 7. Кога една фирма во РМ сака да вработи некого и може да бира меѓу двајца кандидати со еднакви вештини и квалификации, кој од наведените критериуми го става едниот од кандидатите во понеповолна положба?**




По однос на ова прашање, споредбата Македонија–Европа на прв поглед оди во прилог на Македонија – во земјите на Европската Унија има повеќе основи за загрозување на еднаквите можности при вработувањето. Меѓутоа, има два битни елементи кои оневозможуваат да се донесе таквиот заклучок. Прво, во Р. Македонија можностите за вработување и вагање на квалификациите се исклучително мали заради високиот

степен на невработеност, што оневозможува да се добие вистинската слика. И, второ, партиската припадност, која воопшто не е предмет на вреднување во „европскиот“ прашалник, е премногу доминантна во Р. Македонија и ги покрива сите други можни причини за нееднакви можности при вработувањето.

## Поддршка за мерки кои обезбедуваат еднакви можности

**Граѓаните на Р. Македонија се главно подготвени да поддржат мерки од типот на посебни програми за обука или квоти, чија цел е да обезбедат еднакви можности при вработување**. Повеќето испитаници се согласуваат со можноста за примена на такви мерки во сите потенцијални области на дискриминација, **освен кога се работи за сексуалната ориентација на кандидатите**.

**П 9. Дали би се согласиле со воведување специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица, базирано на нивната...**




Најголема поддршка имаат мерките за обезбедување еднакви можности за вработување во зависност од возраста, полот и инвалидноста на кандидатите. Веднаш по нив се мерките базирани на нивната етничка и религиска припадност. Повеќе од половината од испитаниците (53 %) се согласуваат со мерки кои би ја земале предвид партиската припадност на кандидатите, но само 40 % би поддржале мерки базирани на нивната сексуална ориентација (наспроти 44 % кои се против нивно воведување).

Меѓу Македонците и Албанците има разлика во поддршката што се дава за воведување на мерките за обезбедување еднакви можности за сите. Албанците се поподготвени да поддржат мерки на „позитивна дискриминација“ по етничка (74 % од Албанците и 63 % од Македонците) и по партиска основа (63 % од Албанците и 51 % од Македонците), а Македонците, за мерки на неутрализација на влијанието на сексуалната ориентација (44,5 % од Македонците и 29,5 % од Албанците). Слични се процентите кои ги илустрираат разликите меѓу припадниците на двете најбројни религиски заедници кога се работи за поддржување на мерките за еднакви можности на припадниците на етничките заедници (79 % за муслиманите и 63 % за православните) и за еднакви можности по основа на сексуална ориентација (44 % за православните и 30 % за муслиманите).

**Јавноста во земјите на Европската Унија е далеку поподготвена да прифати мерки што ќе обезбедат еднакви можности за вработување**. Процентите добиени за поддршка на мерките од областа на секоја од понудените основи за дискриминција се движат од 83 % (за попреченост во развојот), до најниските 65 % (за сексуална ориентација). Тоа укажува на можноста сознанието за влијание на други фактори (освен стручноста) на можноста за вработување да резултира со широка поддршка на воведувањето мерки за нивна неутрализација.

Вкрстувањето на најистакнатите три фактора што го отежнуваат вработувањето со изразената согласност со преземањето посебни мерки за обезбедување еднакви можности при вработување (П 9./П 7.) покажува дека испитаниците кои согледале дека дискриминацијата е присутна при вработувањето во голема мера се согласуваат со воведувањето мерки со кои ќе се неутрализира дискриминаторската практика.

| П 9. Се согласуваат или се против воведување специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите | П 7. Процент на оние што изјавиле дека одредена карактеристика го става кандидатот во понеповолна положба | | |
|---|---|---|---|
| | Етничка припадност | Партиска припадност | Возраст |
| Се согласувам | 65 % | 52 % | 73 % |
| Сум против | 27,5 % | 43 % | 21,5 % |

## Поддршка на мерки за набљудување

**Поголемиот дел од граѓаните на Р. Македонија ги поддржуваат мерките чија цел е да се обезбедат еднакви можности на работно место по основа на етничка припадност** – бројот на оние што се согласуваат со нив е далеку поголем од бројот на оние кои се против нивно практикување (П 10.). Притоа, процентот на оние кои го поддржуваат следењето на процедурите на вработување е повисок од

процентот на оние кои даваат поддршка на евидентирањето на етничкиот состав на вработените (72 % наспроти 63 %).

**П 10. Во која мера се согласувате на работното место:**
**- да се евидентира составот на вработените за да може да се следи и проценува колку се застапени припадниците на помалку бројните етнички заедници?**
**- да се следи постапката за вработување со цел на лицата кои им припаѓаат на помалку бројните етнички заедници да им се обезбедат еднакви можности да бидат примени на работа, како и на другите кандитати со слични вештини или квалификации?**




Наодите добиени од одговорите на „европскиот“ прашалник се многу слични. И таму, 71 % од испитаниците се согласуваат со набљудување на постапките за вработување, а 57 % го поддржуваат евидентирањето на етничкиот состав на вработените со цел да се обезбедат еднакви можности на работното место.

Поддршката на мерките за набљудување со цел да се обезбедат еднакви можности за припадниците на сите етнички заедници е различна, зависно од етничката припадност на испитаниците. Албанците во доста поголем процент ја изразуваат својата поддршка и кога се работи за евидентирање на етничкиот состав на вработените (84 %) и кога се работи за следење на постапката за вработување (83 %), за разлика од Македонците (55 %, односно 66,5 %).

# Резиме за одделните форми на дискриминација

## Дискриминација врз основа на партиска афилијација

Дискриминацијата по основа на партиска припадност не само што се смета за најчест облик на дискриминација во Р. Македонија, туку и за таков кој е далеку позачестен сега отколку пред пет години.

Ниту една од релевантните социо-демографски карактеристики на испитаниците не влијае врз вака изградените перцепции. Тоа значи дека дискриминацијата по партиска основа се смета за најзастапен облик на дискриминација подеднакво од машките и од женските, од постарите и од помладите, од лицата со различно ниво на образование, од тие што живеат во село и од тие што живеат во град, како и од припадниците на различните етнички и религиски заедници.

Според добиените податоци на доживеана дискриминација, дискриминацијата по основа на партиска припадност (или неприпадност) е најзастапена од сите други облици на дискриминација и кога се работи за личните искуства на испитаниците и за нивното присуство во ситуации на дискриминација упатена кон други. Тоа покажува дека перцепцијата на дискриминацијата по партиска основа како најраспространет облик на дискриминација има поткрепа во мерките на доживеана дискриминација.

Овој облик на дискриминација е позастапен меѓу мажите, меѓу испитаниците со повисоко образование, меѓу Албанците и муслиманите (отколку меѓу Македонците и православните) и во руралните средини (отколку во урбаните). Истовремено се доживува и како најнезависен облик на дискриминација во однос на другите – со најмало учество во повеќекратната дискриминација.

Повеќето од испитаниците се согласуваат да се воведат посебни мерки за да се обезбедат еднакви можности при вработувањето на сите лица базирано на политичката припадност на кандидатите. Таквиот наод може да се протолкува и како индикатор на присутно незадоволство од постоечката пракса на дискриминирање по партиска основа, заради што и се оправдуваат мерките кои би се презеле за нејзино елиминирање при вработувањето.

Граѓаните на Р. Македонија немаат негативен став кон припадниците и/ или симпатизерите на политичките партии што се различни од оние на кои самите им припаѓаат или ги симпатизираат. Тоа може да се заклучи врз основа на тоа што: (1) најголем број имаат другари/ познаници што се припадници/ симпатизери на друга политичка

партија, (2) не пројавуваат потреба да се дистанцираат од политички поинаквите во приватната сфера и (3) не би се чувствувале непријатно кога претседателот на државата би бил од редовите на опозициската политичка партија.

## Дискриминација врз основа на етничка припадност

Дискриминацијата по етничка основа е рангирана на второ место на ранг-листата на често застапени облици на дискриминација. Единствено дискриминацијата по партиска основа се смета за почесто застапен облик на дискриминација и за таков кој е во поголема експанзија во последните пет години.

Перцепциите на испитаниците во врска со етничката заснованост на дискриминацијата се етнички и религиски детерминирани. Во споредба со Македонците и православните верници, повеќето од Албанците и муслиманите ја сметаат за чест облик на дискриминација и изјавуваат дека се жртви на овој облик на дискриминација. Меѓутоа, процентот на жртвите на етничка дискриминација, кои себеси се дефинираат како припадници на етничко малцинство во местото на живеење, го надминува процентот на застапеност на албанската етничка заедница и другите помали етнички заедници заедно, што укажува на тоа дека жртви на дискриминација по етничка основа во Р. Македонија има и меѓу етничките Македонци.

Процентот на граѓаните на Р. Македонија кои биле жртви на дискриминација по етничка основа и/ или биле присутни кога некој друг бил дискриминиран по истата основа е прилично висок, рангирајќи го доживувањето на овој облик на дискриминација на второто место (зад дискриминацијата по партиска припадност). Најголем дел од жртвите на „етничка" дискриминација лично доживеале да бидат дискриминирани и по некоја друга основа, но и да бидат сведоци на дискриминирачки активности насочени кон други лица.

Етничката припадност се смета за еден од факторите од кои зависи вработувањето на кандидатите. За неа како основа на дисриминација при вработување се изјасниле повеќе Албанци, отколку Македонци и повеќе Албанци, отколку Македонци им даваат поддршка на мерките кои треба да овозможат еднакви можности при вработување и на работното место. Тоа покажува дека припадниците на албанскиот етникум сè уште се чувствуваат позагрозени при вработувањето од припадниците на македонскиот етникум.

Во споредба со припадниците на албанскиот етникум, припадниците на македонскиот етникум се поподготвени за прифаќање на етнички различните од себе. Македонците имаат поширок социјален круг на другари и/ или познати кои се припадници на други етникуми и попријатно се чувствуваат/ би се чувствувале со соседи од друга

етничка заедница. Таквите разлики може да се резултат на разликите во образовното ниво на Македонците и на Албанците, со оглед на тоа што не само во ова, туку и во многу слични истражувања е докажано дека повисокото ниво на образование е проследено со помала потреба за социјално дистанцирање.

Општо земено, **ставовите кон ромската етничка заедница** не се разликуваат многу од ставовите кон припадниците на „другите" етнички заедници, што се заклучува по еднаквиот степен на искажана пријатност што се асоцира со ситуацијата на имање Роми како соседи и со ситуацијата на имање припадници на „друг" етникум како соседи. Меѓутоа, постојат евидентни разлики во степенот на прифаќање на ромската заедница меѓу припадниците на двата најбројни етникума и двете најбројни религиски групи во Р. Македонија.

Разликата меѓу Македонците и Албанците во изразената потреба за социјално прифаќање на етнички „другите" се однесува и на Ромите како припадници на друг етникум. Македонците помалку се дистанцираат од Ромите отколку Албанците – на Македонците им е поприфатлливо да имаат Роми како соседи и да имаат повеќе другари/ познаници меѓу Ромите, отколку што е тоа случај со  Албанците.

Етничките разлики во социјалното прифаќање на Ромите се одразуваат во (и предизвикуваат) појава на разлики по религиска основа. Имањето другари и/ или познаници меѓу Ромите и прифаќањето на Ромите како соседи е далеку поприсутно кај православните верници, отколку кај муслиманите, и покрај тоа што повеќето од Ромите се декларираат како муслимани.

Од друга страна, имањето Роми како другари/ познаници не ги прави граѓаните на Македонија почувствителни на присуство на дискриминација по етничка основа. Во услови кога дискриминацијата по етничка основа се перципира како честа појава, отсуството на поврзаност меѓу присуството на Роми во социјалниот круг на другите и присуството на ситуации кои ги дискриминираат Ромите по етничка основа може да значи или дека Ромите се само формални познаници на кои не им се обрнува доволно внимание, или пак дека не се перципираат како предмет на дискриминација.

## Дискриминација врз основа на религија или уверување

И покрај тоа што постои големо совпаѓање меѓу припадноста на двете најбројни етнички заедници (македонската и албанската) и двете најбројни религиски заедници (православната и муслиманската), на дискриминацијата по етничка и по религиска основа не се гледа на ист начин. На дискриминацијата по религиска основа се гледа како на најретка од сите други облици на дискриминација, која во последните пет години пројавува тенденција на намалување.

Сепак, и перцепциите во врска со религиската заснованост на дискриминацијата (исто како и за дискриминацијата по етничка основа) се етнички и религиски детерминирани. Во споредба со Македонците и православните верници, повеќето од Албанците и муслиманите ја сметаат за чест облик на дискриминација. Иако е мал процентот на жртви на дискриминација по основа на религија или уверување, скоро сите што изјавиле дека лично се почувствувале дискриминирани заради својата религиска припадност се припадници на албанскиот етникум, односно на исламската вероисповед. Со оглед на тоа дека дискриминацијата по основа на религија или уверување е тесно поврзана со повеќекратната дискриминација, голема е веројатноста жртвите на овој облик на дискриминација да бидат истовремено и жртви на дискриминација и по други основи.

Поткрепа на перципираната „неважност“ на дискриминацијата по основа на религија или уверување е и фактот што изразувањето на религиското уверување не се смета за фактор кој го отежнува вработувањето. Тоа не ги спречува испитаниците масовно да го поддржат воведувањето мерки со кои се обезбедуваат еднакви можности во вработувањето базирано на религиската припадност на кандидатите.

Прифаќањето на религиски различните од себе е скоро идентично со прифаќањето на етнички различните. Подготвеноста да се има сосед од друга вероисповед и имањето сосед од друга вероисповед се прилично изразени, иако и тука се повторуваат истите разлики по основа на етничка и религиска припадност – Македонците и православните верници се покажуваат како потолерантни од Албанците и муслиманските верници.

## Дискриминација врз основа на инвалидност

Дискриминацијата врз основа на инвалидност е перципирана како еден од средно застапените облици на дискриминација (некаде помеѓу возрасна и полова дискриминација). Единствено повисокообразованите граѓани на Р. Македонија ја сметаат како почеста појава, иако сите се согласуваат дека спаѓа меѓу оние облици на дискриминација кои главно стагнираат во последните пет години.

Процентот на жртви на дискриминација по основа на инвалидност е доста низок (2,7 %), додека застапеноста на лицата кои себеси се доживуваат како малцинство по основа на инвалидност е нешто повисока (3,2 %). Поголем процент на жртви од овој облик на дискриминација има меѓу Албанците, отколку меѓу Македонците и меѓу муслиманите, отколку меѓу православните.

Ставот кон инвалидизираните лица е главно позитивен. Повеќе од половината од испитаниците тврдат дека имаат пријатели или познаници кои се инвалидизирани, меѓу кои се позастапени Македонците, лицата со повисоко образование, помладите

и жителите од градовите. Се смета за главно прифатливо на местото претседател на државата да биде инвалидизирано лице и споредено со припадниците на другите потенцијално дискриминирани групи, најприфатливи се соседи со инвалидност. Поголема подготвеност за прифаќање на инвалидизираните лица во својот социјален круг искажуват Македонците, православните и жителите на градовите, што само потврдува дека предрасудите кон припадниците на оваа ранлива категорија на населението се поголеми кај Албанците, муслиманите и жителите на селата.

Истовремено, инвалидизираноста на кандидатите за вработување не се смета за занемарлив фактор кој може да го отежне нивното вработувањето. Главно позитивниот став кон инвалидизираните лица се потврдува со фактот што мерките кои би требало да се воведат за да се обебедат еднакви можности при вработување на инвалидизираните лица имаат изразена поддршка од граѓаните на Р. Македонија.

## Дискриминација врз основа на сексуална ориентација

Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е перципирана како една од помалку застапените облици на дискриминација. Поголема свесност за нејзиното присуство има меѓу помладите, пообразованите, Македонците, православните и жителите на градовите, отколку меѓу повозрасните, помалку образованите, Албанците, муслиманите и жителите на селата. Истовремено, се перципира и како облик на дискриминација кој не зачестува во последните пет години.

Мал е бројот на граѓани што изјавиле дека биле жртви на дискриминација по основа на нивната сексуална ориентација (1 %) и незначителен процент (1,4 %) се доживува себеси како малцинство по однос на сексуалната ориентација. Сите што биле жртви на дискриминација заради својата сексуална ориентација, биле дискриминирани и по друга основа.

Убедливо најмал процент од граѓаните на Р. Македонија изјавуваат дека имаат пријатели или познаници кои се хомосексуалци. Меѓу нив постојат етнички, религиски, образовни и возрасни разлики – повеќе хомосексуалци во својот социјален круг имаат Македонците, православните, повисоко образованиите и помладите. Оние што имаат другари/ познаници што се хомосексуалци далеку повеќе од другите биле сведоци кога некој бил дискриминиран или малтретиран заради својата сексуална ориентација.

Резултатите говорат дека не може да се зборува за социјално прифаќање на лицата со хомосексуална ориентација, туку само за социјално дистанцирање од нив и во приватната и во јавната сфера. Единствено да се има сосед хомосексуалец е главно непријатно, а уште понепријатно би било претседателот на државата да биде хомосексуалец. Социјалното дистанцирање од оваа ранлива категорија граѓани е поиз-

разено меѓу помалку образованите, Албанците, муслиманите и жителите од руралните средини.

Сексуалната ориентација е меѓу помалку изразените фактори што го отежнуваат вработувањето. Негативните предрасуди кон поинаквите во овој поглед се потврдуваат со податокот според кој повеќето граѓани се единствено против воведувањето мерки кои обезбедуваат еднакви можности при вработувањето на кандидатите со поинаква сексуална ориентација.

## Дискриминација врз основа на пол

Половата дискриминација е меѓу помалку застапените облици на дискриминација. Перципирана е како позастапена од страна на Албанците (и веројатно меѓу муслиманите), но не и од страна на жените. Истовремено спаѓа и меѓу оние облици на дискриминација кои најмалку зачестиле во последните пет години (главно стагнира) и се перципира како многу често поврзана со дискриминација по други основи.

Резултатите укажуваат на низок процент на жртви на дискриминација по полова основа. Повеќе жртви има меѓу Албанците и меѓу муслиманите, отколку меѓу Македонците и православните верници. За жртвите на полова дискриминација голема е веројатноста дека ќе бидат жртви на дискриминација и по друга основа.

Жителите на Р. Македонија изразуваат голема подготвеност за прифаќање жена на функцијата претседател на државата. Меѓу нив доминираат жените, Македонците, православните и жителите на градовите.

Иако дискриминацијата по основа на пол не се смета меѓу изразените облици на дискриминација при вработувањето, најголемиот дел од граѓаните се согласуват со воведување мерки за нејзино спречување при вработувањето.

## Дискриминација врз основа на возраст

Дискриминација врз основа на возраст е перципирана како една од позастапените облици на дискриминација – се наоѓа на третото место на ранг-листата на зачестеност, веднаш зад дискриминацијата по партиска и по етничка основа. Карактеристично е што не се најдени демографски разлики во перцепцијата на нејзината зачестеност – како подеднакво зачестена ја перципираат и помладите и постарите и сите други категории на граѓани.

Истовремено, возрасната дискриминација се вбројува меѓу оние кои главно стагнираат во последните пет години и се перципира како многу често поврзана со други облици на дискриминација.

И според процентот на жртви и според процентот на сведоци, дискриминацијата по возрасна основа се наоѓа на третото место, веднаш по партиската и етничката дискриминација. Меѓу жртвите нема демографски разлики – еднакво страдаат и постарите и помладите, и мажите и жените, и различно образованите, и припадниците на различните етнички и религиски заедници, и жителите на селата и градовите.

Дискриминацијата по основа на возраст се смета за многу присутна при вработувањето. За нејзина неутрализација постои најизразен консензус за воведување мерки кои треба да обезбедат еднакви можности при вработување на постарите и на помладите граѓани на Р. Македонија.

# ПРИЛОГ 1.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Од 9 до 15 април 2009 година, Центарот за човекови права и разрешување конфликти - Скопје, во соработка со Брима ДОО - Скопје, реализира истражување од специјалниот ЕВРОБАРОМЕТАР посветено на ДИСКРИМИНАЦИЈА.

Во СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕВРОБАРОМЕТАР за ДИСКРИМИНАЦИЈА е опфатена популацијата постара од 15 години во Република Македонија. Во истражувањето е користен повеќефазен примерок со случаен избор, при што е испочитувана дистрибуцијата на населението според местото на живеење во рурални и во урбани средини и етничката припадност.

Населените места што ја сочинуваат изборната рамка на истражувањето се систематски извлечени од седумте региони дефинирани од Брима - Скопје врз основа на социо-демографска и географска анализа, за да се обезбеди пропорционална застапеност на одредени групи население во примерокот на истражување. Примерокот опфаќа 1.606 испитаници.

Во секое населено место со случаен избор е избрана појдовна адреса. Наредните адреси се добиени следејќи го правилото на „случаен избор“ (секое трето домаќинство во урбаните и секое четврто во руралните средини). Испитаниците во секое домаќинство се избрани по случаен избор (користејќи го правилото на најблизок роденден).

Сите интервјуа се реализирани „очи во очи“ во живеалиштето на испитаниците. При интервјуата се користени македонскиот јазик (за испитаниците Македонци и оние коишто припаѓаат на помалите етнички групи) и албанскиот јазик (за испитаниците Албанци). Интервјуата се спроведени според правилата и процедурите на Специјалниот евробарометар за дискриминација. Контролата на квалитетот на истражувањето е извршено според стандарните процедури на Брима - Скопје.

При анализата на податоците користени се споредби според местото на живеење, етничката припадност, полот, возраста, нивото на образование и религиската припадност на испитаниците. Во прилогот 3 се приложени дистрибуциите на испитаниците по релевантните варијабли.

# ПРИЛОГ 2.

## ИНСТРУМЕНТ ЗА АНКЕТИРАЊЕ

(СЕ ЧИТА ПРЕД ДА СЕ ПОЧНЕ СО ПРВОТО ПРАШАЊЕ)

Прашањата кои следуваат се однесуваат на темата дискриминација.

Под дискриминација се подразбира нееднаков третман на луѓето, односно поинакво постапување со луѓето само затоа што се женски или машки, припадници на определена етничка група или заедница, имаат определена вероисповед, се хендикепирани и слично. Нееднаквиот третман може да биде видлив, како на пример, кога намерно се објавува оглас за работа во кој се наведува дека се бараат работници од одредена етничка група или само машки. Исто така нееднаквиот третман може да биде прикриен, како на пример, кога би се одржувало тестирање за работа на религиозен празник заради што нема да можат да присуствуваат припадници на една вероисповед.

**ПОКАЗНА КАРТА П1.**

**П1.** **Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку честа е секоја од наведениве форми на дикриминација во Република Македонија? Дискриминација врз основа на...**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу честа | Прилично честа | Прилично ретка | Многу ретка | Не постои | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П1_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_3 | Сексуална ориентација (на пр. хомосексуалност) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_4 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_5 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_6 | Инвалидност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П1_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

## ПОКАЗНА КАРТА П2.

**П2.** **Ако ја споредите сегашната ситуација со ситуацијата од пред 5 години, дали би рекле дека следниве форми на дискриминација се почести или поретки во Република Македонија? Дискриминација врз основа на...**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу почеста | Доста почеста | Ниту почеста, ниту поретка (иста) | Доста поретка | Многу поретка | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П2_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_3 | Сексуална ориентација (на пр. хомосексуалност) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_4 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_5 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_6 | Инвалидност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |
| П2_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 9 |

## ПОКАЗНА КАРТА П3.

**П3.** **Дали во изминатите 12 месеци лично сте се почувствувале дискриминирани или малтретирани по една или повеќе од следниве основи? Дали сте биле дискриминирани врз основа на...? Ве молам да ги наведете сите основи кои сметате дека се релевантни.**

| **МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П3_1 | Етничка припадност | 1 | П3_6 | Инвалидност | 6 |
| П3_2 | Пол | 2 | П3_7 | Партиска припадност | 7 |
| П3_3 | Сексуална ориентација | 3 | П3_8 | Не сте биле дискиминирани | 8 |
| П3_4 | Возраст | 4 | П3_9 | Друга причина (запиши) _____ | 9 |
| П3_5 | Религија или уверување | 5 | | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

ПОКАЗНА КАРТА П4.

**П4.** **Дали во изминатите 12 месеци сте биле сведок кога некој бил дискриминиран или малтретиран по една или повеќе од следниве основи? Дали тоа било дискриминација врз основа на...? Ве молам да ги наведете сите кои сметате дека се релевантни.**

| МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| П4_1 | Етничка припадност | 1 | П4_6 | Инвалидност | 6 |
| П4_2 | Пол | 2 | П4_7 | Партиска припадност | 7 |
| П4_3 | Сексуална ориентација | 3 | П4_8 | Не сте биле дискиминирани | 8 |
| П4_4 | Возраст | 4 | П4_9 | Друга причина (запиши) _____ | 9 |
| П4_5 | Религија или уверување | 5 | | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

ПОКАЗНА КАРТА П5.

**П5.** **Само што разговаравме за дискриминација врз основа на етничка припадност, пол, сексуална ориентација, возраст, религија или уверување и/ или хендикеп. Некои луѓе може да почувствуваат дискриминација по повеќе основи. Кога луѓето се дикриминирани по повеќе основи, тоа го нарекуваме „повеќекратна дискриминација“. Би можеле ли да ми кажете дали според вас повеќекратната дискриминација е многу честа, прилично честа, прилично ретка или многу ретка во Република Македонија?**

| ПРОЧИТАЈТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Многу честа | 1 | Многу ретка | 4 |
| Прилично честа | 2 | Не постои | 5 |
| Прилично ретка | 3 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

ПОКАЗНА КАРТА П6.

**П6.** **Користејќи скала од 1 до 10, би можеле ли да ми кажете како лично Вие би се чувствувале во секоја од наведениве ситуации. На скалата „1“ значи дека се чувствувате „многу непријатно“, а „10“ значи дека се чувствувате „сосема пријатно“ во таа ситуација.**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу непријатно | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | Сосема пријатно | Индиф. | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П6_1 | Доколку имате сосед што е Ром | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_2 | Доколку имате сосед што е хендикепиран | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_3 | Доколку имате сосед што е хомосексуалец („геј“ или лезбијка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_4 | Доколку имате сосед од друга етничка припадност, различна од вашата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_5 | Доколку имате сосед од друга религија или уверување, различни од вашите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П6_6 | Доколку имате сосед што е припадник или симпатизер на друга политичка партија, различна од онаашто вие ја симпатизирате или во која членувате | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |

ПОКАЗНА КАРТА П7.

**П7.** **Во Република Македонија кога една фирма сака да вработи некого и може да бира меѓу двајца кадидати со еднакви вештини и квалификации, што мислите, кој од наведените критериуми го става едниот од кандидатите во понеповолна положба? (врз основа на што фирмата ќе одлучи кој од двајцата кандидати да не го вработи)**

| ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ, МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ | | |
|---|---|---|
| П7_1 | Името на кандидатот | 1 |
| П7_2 | Адресата на кандидатот | 2 |
| П7_3 | Начинот на кој кандидатот зборува, неговиот/нејзиниот акцент | 3 |
| П7_4 | Етничката припадност на кандидатот | 4 |
| П7_5 | Полот на кандидатот | 5 |
| П7_6 | Сексуалната ориентација на кандидатот (на пример, ако е хомосексуалец) | 6 |
| П7_7 | Возраста на кандидатот | 7 |
| П7_8 | Некој инвалидитет | 8 |
| П7_9 | Изразување на религиозно уверување (на пример, видливо носење религиозно обележје) | 9 |
| П7_10 | Партиската припадност | 10 |
| П7_11 | Дали кандидатот е пушач или непушач | 11 |
| П7_12 | Надворешниот изглед на кандидатот, начинот на облекување и појава | 12 |
| П7_13 | Општиот физички изглед на кандидатот (висина, тежина, лице, итн.) | 13 |
| П7_14 | Ништо од наведеното | 14 |
| П7_15 | Друго (запиши) ______________________________ | 15 |
| П4_99 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 99 |

## ПОКАЗНА КАРТА П8.

**П8.** **Користејќи скала од 1 до 10, би можеле ли да ми кажете како би се чувствувале доколку некој од следниве категории на лица е носител на највисоката избрана позиција на власт во Република Македонија?**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Многу непријатно | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | Сосема пријатно | Индиф. | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П8_1 | Жена | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_2 | Хомосексуалец (маж „геј“ или жена лезбијка) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_3 | Лице со етничка припадност различна од мнозинството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_4 | Лице помладо од 30 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_5 | Лице со религиска припадност различна од мнозинството | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_6 | Инвалидизирано лице | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_7 | Лице од политичка партија што не учествува во власта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |
| П8_8 | Лице постаро од 75 години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 99 |

ПОКАЗНА КАРТА П9.

**П9.** **Дали би се согласиле или би биле против воведувањето специфични мерки за обезбедување еднакви можности за вработување на сите лица? На пример, вакви мерки се: специјални програми за обука или квота за системи за вработување на луѓе базирано на нивната...**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Сосема се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно сум против | Сосема сум против | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П9_1 | Етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_2 | Пол | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_3 | Возраст | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_4 | Религија или уверување | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_5 | Инвалидност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_6 | Сексуална ориентација | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П9_7 | Партиска припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

ПОКАЗНА КАРТА П10.

**П10.** **Во која мера се согласувате или би биле против на работното место да се спроведуваат следните работи?**

| **ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД** | | Сосема се согласувам | Делумно се согласувам | Делумно сум против | Сосема сум против | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| П10_1 | Да се евидентира составот на вработените за да може да се следи и проценува колку се застапени припадниците на помалку бројните етнички заедници | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| П10_2 | Да се следат процедурите за вработување со цел на лицата кои им припаѓаат на помалку бројните етнички заедници да им се обезбедат еднакви можности да бидат примени на работа како и на другите кандидати со слични вештини или квалификации | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

## ПОКАЗНА КАРТА П11.

**П11. Општо земено, дали би можеле да кажете дека во Република Македонија се вложуват доволно напори за борба против сите облици на дискриминација?**

| ПРОЧИТАЈТЕ САМО ЕДЕН ОДГОВОР | |
|---|---|
| Вистински се вложуваат | 1 |
| Се вложуваат до извесна мера | 2 |
| Не се вложуваат вистински напори | 3 |
| Не се вложуваат никакви напори | 4 |
| Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

## ПОКАЗНА КАРТА П12.

**П12. Дали знаете кои се вашите права во случај да сте жртва на дискриминација?**

| ПРОЧИТАЈТЕ | |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 2 |
| Друго (запиши) ________________________________ | 3 |
| Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

**П1.1. Дали имате другари или познаници кои се...?**

| ПРОЧИТАЈТЕЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД | | Да | Не | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) |
|---|---|---|---|---|
| П1.1_1 | Припадници на друга етничка заедница | 1 | 2 | 9 |
| П1.1_2 | Роми | 1 | 2 | 9 |
| П1.1_3 | Хомосексуалци | 1 | 2 | 9 |
| П1.1_4 | Инвалидизирани | 1 | 2 | 9 |
| П1.1_5 | Лица со поинаква религија или уверување од вашата | 1 | 2 | 9 |
| П1.1_6 | Припадници на политичка партија со чии ставови не се согласувате | 1 | 2 | 9 |

**П1.2. Дали сметате дека во вашето место на живеење припаѓате на нешто од следново? Ве молам да ги наведете сите кои сметате дека се релевантни.**

| ПРОЧИТАЈТЕ, РОТИРАЈТЕ,МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ | | |
|---|---|---|
| П1.2_1 | Етничко малцинство | 1 |
| П1.2_2 | Малцинство по однос на религиската припадност | 2 |
| П1.2_3 | Сексуално малцинство | 3 |
| П1.2_4 | Малцинство во однос на инвалидност | 4 |
| П1.2_5 | Малцинство во однос на партиска припадност или партиско симпатизирање | 5 |
| П1.2_6 | Ниедно од наведените | 6 |
| П1.2_7 | Друга малцинска група (запиши)________________________________________ | 7 |
| П1.2_9 | Не знам (**НЕ СЕ ЧИТА**) | 9 |

# ПРИЛОГ 3.

## ДИСТРИБУЦИЈА НА ИСПИТАНИЦИТЕ ВО ПРИМЕРОКОТ ПО РЕЛЕВАНТНИТЕ СОЦИО-ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**Дистрибуција на испитаниците според местото на живеење:**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Рурална | 680 | 42,4 % |
| Урбана | 926 | 57,6 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

**Дистрибуција на испитаниците според етничката припадност:**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Македонец/ка | 1.077 | 67 % |
| Албанец/ка | 367 | 22,9 % |
| Турчин/ка | 44 | 2,8 % |
| Влав/инка | 14 | 0,9 % |
| Ром/ка | 49 | 3,1 % |
| Србин/ка | 28 | 1,8 % |
| Друго | 26 | 1,6 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

**Дистрибуција на испитаниците според полот:**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Машки | 808 | 50,3 % |
| Женски | 798 | 49,7 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

**Дистрибуција на испитаниците според возраста:**

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| 15-18 | 108 | 6,7 % |
| 19-26 | 270 | 16,8 % |
| 27-37 | 350 | 21,8 % |
| 38-54 | 475 | 29,6 % |
| 55-64 | 188 | 11,7 % |
| 65+ | 214 | 13,4 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

## Дистрибуција на испитаниците според нивото на образование:

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Основно | 575 | 35,8 % |
| Средно | 798 | 49,7 % |
| Повисоко образование | 233 | 14,5 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

## Дистрибуција на испитаниците според религиската припадност:

| | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Православни | 1.100 | 68,5 % |
| Муслимани | 474 | 29,5 % |
| Друго | 32 | 2 % |
| Вкупно | 1.606 | 100 % |

# Анализа на податоците низ призмата на досегашните искуства

## Насоки и препораки во разработката на закон за заштита од дискриминација и формирање антидискриминаторско тело[19]

### 1. Вовед во анализата

Во анализата на податоците добиени во рамките на итражувањето на перцепциите, искуствата и ставовите на граѓаните на Република Македонија во врска со дискриминацијата, тргнавме од фактот дека станува збор за анкетирање на јавното мислење. Ова претставува многу значаен метод во креирањето на политиките, меѓутоа има свои сопствени ограничувања и може (и треба) да се употреби во рамките на сопствената функција.

Мерењето на јавното мислење се прави, пред сè, со цел да се определи глобалната атмосфера во одредена област и да се оцени што е важно за граѓаните, а што не. Имањето податоци (информации) за тоа што мислат граѓаните е исклучително важно во градењето на политиките. Во започнувањето нови политики или во следењето на резултатите од старите, многу важно е да се има предвид како ќе реагираат луѓето на одредени промени коишто би биле направени во заедницата, односно, да се иницираат такви промени. Тоа не значи дека градењето на политиките и иницирањето на промените треба да се базира единствено на сознанијата добиени со мерењето на јавното мислење.

Употребливоста на добиените податоци зависи од остварувањето (достигнатото ниво) на неколку претпоставки:

- дека јавноста се интересира за власта;
- знае што сака;
- има способност да го искаже она што го сака;
- и дека има начини јавната волја да биде материјализирана во правото.

Меѓутоа, дури и во услови на добивање податоци коишто очигледно не кореспондираат со реалноста и отсуството на можност за директно влијание, мерењето на јавното

……………………………..

19 Во натамошниот текст „Комисија"

мислење може да биде искористено во насока на добивање сознанија за она што треба да се направи, за елементите кои недостасуваат во функционалната целина којашто се гради, како и стратегиите коишто можат (треба) да се развијат за да ги добиеме посакуваните резултати.

## 2. Глобалната состојба со дискриминацијата и читањето на резултатите од истражувањето

Во Република Македонија забраната на дискриминацијата е уставно[20] и законски дефинирана[21] категорија и претставува едно од правата за кои многу се зборува во изминатите 18 години (посебно во последните 8 години по завршувањето на вооружениот конфликт од 2001 година).

Досега доминантен аспект на расправите за дискриминацијата претставува дискриминацијата врз етничка (национална основа). Најновите уставни и законски промени, како и интервенциите во практиката се однесуваат и се занимаваат, пред сè, со дискриминацијата на припадниците на одделни етнички заедници (најмногу со претставниците на албанската заедница). Овој можен основ на дискриминација потполно ги засенува сите други во процесот на промени на законите, посакуваните институционални промени и реформите на судската власт и на локалната самоуправа.[22]

Од другите основи на можна дискриминација врз коишто се базира истражувањето, како препознатливи во Република Македонија може да се издвојат единствено полот и хендикепот. Дискриминацијата врз основа на пол е препознаена како релевантна со донесувањето на новата законска регулатива,[23] а дискриминацијата врз основа на хендикеп се обидува пополека да го заземе своето место.[24]

Некои од спомнатите основи на дискриминација воопшто или многу малку постојат во перцепциите на населението (како на пример дискриминацијата врз основа на

……………………………..

20 Устав на РМ, чл. 9 – „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви".

21 Дискриминацијата на различни начини се спомнува во голем број закони (Законот за судовите, Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, за малолетничка правда, за работни односи, за правата на жените и мажите, Изборниот законик, Законот за политички партии, Законот за локална самоуправа, за основно и средно образование, за радиодифузија и сл.).

22 Амандмани на Уставот, Закон за територијална организација на локалната самоуправа, Закон за државните службеници, промени на Законот за парнична постапка и сл.

23 Во 2006 год. е донесен Законот за еднакви можности на жените и на мажите.

24 Во 2005 год. се собрани над 10.000 (18.968) потписи на граѓани за поддршка на иницијативата за донесување закон за правата и достоинството на лицата со хендикеп, меѓутоа законот сè уште не е ставен на дневен ред во Собранието на Република Македонија.

возраст), а кај некои отпорот кон припадниците на соодветна група е толку голем, што едноставно дискриминаторските постапки не се третираат како такви (како што е случајот со сексуалната ориентација како можен основ за дискриминација).

Она на што мора да се внимава при читањето на резултатите од истражувањето (посебно при нивното споредување со резултатите добиени  во земјите на ЕУ), се неколку значајни елементи.

Прво, за разлика од државите на ЕУ, во Македонија не е воспоставен систем (било формален било неформален) од принципи и стандарди коишто се однесуваат на дискриминацијата, а кои поставуваат минимум стандарди и минимално ниво на правна заштита од дискриминација. Имено, дискриминацијата се спомнува во Уставот и законите, меѓутоа не постои посебен закон за заштита од дискриминација и не постојат воедначени термини, решенија и механизми коишто би можеле да се третираат како збир од принципи за заштита од дискриминација во одделните норми во коишто се спомнува дискриминацијата. Во различни закони се даваат различни значења на дискриминацијата (отсуствува дури и елементарна дефиниција на тоа што е дискриминација), се употребуваат различни термини и нема воедначен систем на заштита (како од аспект на процедурите, така и во однос на санкциите и евентуалната оштета).

Второ, во Македонија не е изградена стратегија за промоција на знаењето поврзано со дискриминацијата. Многу мал број луѓе имаат реални сознанија што претставува дискриминација, како се манифестира, како може да се препознае.

Трето, нема изграден употреблив и воедначен систем на заштита од дискриминација, ниту пак луѓето се соодветно информирани за постоењето можност да се заштитат од дискриминација. Генералната уставна определба според којашто може да се бара заштита пред редовните судови не се материјализира понатаму во конкретни процедури во одделни закони. Ова го индицира и отсуството на случаи за дискриминација коишто би се воделе пред редовните судови и отсуството на иницијативи поведени пред Уставниот суд. Од вкупниот број поднесоци на граѓани дадени до Народниот правобранител, во изминатата година само  0,69 се однесуваат на случаи на дикриминација (по која било основа ).[25]

Контекстот на севкупната анлиза е сместен во недостатоците во  законската заштита, отсуството на систем од правни механизми и процедури и не многу ниското ниво на знаење за дискриминацијата.

Во анализата нема да навлегуваме подлабоко во откривањето на причините за одделни тврдења, за постоењето или непостоењето на одредени перцепции и ставови. Ќе пробаме да укажеме на највидливите (најголемите) дискрепанци меѓу перцепциите на граѓаните и реалната ситуација (или ситуацијата отсликана во други истражувања

……………………………..

25 Годишен извештај на Народниот правобранител за 2008 год. - http://www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Godisen%20izvestaj-2008.pdf

на релевантната област) и ќе пробаме да укажеме на најзначајните сознанија добиени од податоците, а кои можат да се употребат понатаму во обликувањето на закон за заштита од дискриминација и во иницирањето на создавање комисија.

## 3. Кон анализата на податоците од истражувањето

Појдовната поставка во анализата на податоците добиени со истражувањето е дека во Македонија има дискриминација. Оваа претпоставка ја изведуваме прво врз основа на пошироките сознанија од различни истражувања спроведени во државите на ЕУ, а според кои не постои ниту една држава во Европа којашто го нема проблемот на дискриминација и дека многу развиени демократии се борат да изградат соодветни механизми за заштита од дискриминација, системи на казнување на дискриминацијата и подигање на свеста за дискриминацијата.[26] Второ, претпоставката ја базираме врз податоците добиени во рамките на истражувања направени во Република Македонија, а во кои се дадени податоци за фактичко постоење на различни облици на дискриминација и посебно степенот на (не)толерантност кон различноста на граѓаните на Република Македонија, како и врз основа на бројни анегдотски случаи коишто ја отсликуваат реалната ситуација.[27]

Ако се има предвид дека во Македонија не постои закон за заштита од дискриминација, нема изградено стратегија за борба со дискриминацијата и не постои обука за дискриминација на ниту едно ниво на образованието (во рамките на „инсервис" и „присервис" образовниот процес), тогаш може за многу веројатен да го прифатиме ставот дека:

- Прво, голем дел од луѓето не знаат што е дискриминација и не ја препознаваат дискриминацијата кога им се случува ним, а уште помалку кога им се случува на други;
- Второ, граѓаните на Република Македонија не се спремни и не знаат (немаат вештини да реагираат во ситуација на дискриминација);
- Трето, не постојат соодветни механизми преку кои можат да побараат заштита, односно да очекуваат дека сторителите на дискриминација ќе бидат санкционирани.

................................

26 http://www.stop-discrimination.info/7530.0.html

27 На пример: Скендери, С., ..., (2009), Анализа на меѓуетничките односи во Република Македонија, Здружение на граѓани за поддршка на меѓуетничкиот дијалог и развој на заедницата „Заеднички вредности", Скопје; Доверба во граѓанското општество, МЦМС, 2008, Скопје; Истражување за социјалните, културните и економските права на Ромите, НРЦ, 2006; Да се запрашаме заедно, анализа на анкета, Полио плус, 2005 год.; Извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ), 2005, Скопје.

### 3.1. Поставување на контекстот

Начинот на којшто луѓето стапуваат во меѓусебна комуникација, прифаќањето на различноста и генералните перцепции на дискриминацијата, ја даваат глобалната атмосфера во којашто се позиционираат луѓето кои припаѓаат на ранливите групи и за кои се очекува дека може да бидат изложени на некој облик на дискриминација.

Податоците добиени со истражувањето даваат многу позитивна слика од аспект на спремноста на граѓаните да ги прифатат различностите и да ги третираат на рамноправен начин различните од себе.

Високото ниво на подготвеност на граѓаните да ги сметаат припадниците на различните социјални групи како дел од сопствениот социјален круг е во спротивност со податоците коишто може да се перципираат на теренот и оние коишто се добиени во различни други истражувања.[28]

Големиот процент од анкетираните коишто се изјаснуваат дека имаат другари или познаници кои се од друга етничка заедница (дури 78,4%) е во спротивност и со она што фактички се случува во секојдневниот живот. Имено, во последните 17 години се одвива процес на постојано раздвојување на различните етнички заедници во сите сегменти на секојдневното живеење.[29]

……………………………..

28 На пример, според истражувањето „Довербата во граѓанското општество", ( МЦМС, 2008): „Во Македонија во пораст е недовербата и нетолерантноста кон различни групи. Во однос на претходната година, за сите групи, освен за лицата зависни од алкохол и за жртвите на насилство, резултатите покажуваат зголемена нетолерантност. Во пораст е нетолеранцијата кон лицата од друга етничка припадност за 4,3 %, кон лицата од друга вера за 3,4 % и посебно кон имигрантите/ странските работници за 18,8 %. Или, истражувањето „Блиску, а сепак далечни" (Заеднички вредности, 2008): „Меѓуетничките односи неискрени и базирани на интерес" (http//:www.idividi.com.mk/vesti/svet/375505/index.html)

29 Податоците од образованиео зборуваат за сè помал број основни и средни училишта во кои се учи на различен наставен јазик и сè помалку училишта во кои учениците од различна етничка припадност учат заедно и во исти смени.
Процесот на раздвојување е видлив и во создавањето етнички чисти средини за живеење (пред сè во руралните подрачја, посебно по конфликтот од 2001 година во кои не се вратија внатрешнораселените лица), меѓутоа и во градовите, каде што постојат физички јасни раздвојувања (посебно меѓу македонската и албанската заедница). Вакво раздвојување може да се види во Скопје, во Куманово, во Тетово, меѓутоа и во Струга и во други градови коишто до неодамна биле перцепирани како градови во кои населението традиционално живее заедно, независно од етничката припадност.
Процесот на раздвојување е видлив во постоењето на етнички чисти здруженија на граѓани. (Само неколку регистрирани здруженија на граѓани имаат членови од различна етничка припадност. Вообичаено здруженијата се етнички хомогени, па дури и во името вообичаено го содржат името на етничката заедница каде што припаѓаат).
Политичките партии се формираат исклучиво врз етничка основа, а присуството на претставници на други етнички заедници е само исклучок.

Самиот инструмент не дава можност ниту да се прецизира за кои групи станува збор кога се идентификуваат пријатели/ познаници од друга етничка заедница.[30]

Сето ова го проблематизира, во голема мера, тврдењето дека толкав голем процент од анкетираните граѓани навистина има пријатели или познаници од друга етничка заедница.

Слична е ситуацијата и во однос на комуникацијата со припадници со поинакви верски и други убедувања. Имено, според искуствата од последните десет години токму по линијата на религиозната припадност доаѓа до исцртување на непремостливи бариери.[31] Оттука не е јасно како тоа скоро 76 % од анкетираните имаат пријател/ познаник од друга вера или религија.[32]

Тука се појавува и посебно проблематичното тврдење на 60 % од анкетираните, дека имаат пријател или познаник Ром. Ако се има предвид податокот дека Ромите живеат во затворени заедници изолирани од другото население, ако се земат предвид податоците за сиромаштијата и образованието (според кои Ромите вообичаено живеат во супстандардни услови), станува проблематично на кој начин голем дел од граѓаните имаат пријатели и познаници (посебно голем дел од луѓето со повисоко образование). Податоците од многу други истражувања покажуваат дека граѓаните немаат доверба кон Ромите, а случаи од праксата[33] јасно покажуваат огромно нетрпение кон Ромите. Оттука, тврдењето на 60 % од испитаниците дека имаат пријател или познаник Ром станува многу проблематично.

Имајќи го предвид сето ова, добиените податоци за контесктот на живеење на анкетираните мораат да се земат многу претпазливо и со голема доза на скепса.

……………………………..

30 Имено, не е проблемот во тоа што луѓето немаат другари или познаници од други етнички заедници, туку е прашање од кои етнички заедници. На пример, Македонците имаат познаници и пријатели од влашката и од српската етничка заедница. Албанците често имаат познаници и пријатели од турската заедница.

31 Еден од индикаторите за потполно раздвојување по основа на верска припадност и отсуство на блиска комуникација на припадниците со различна верска определба (дури и тогаш кога станува збор за припадници на иста етничка заедница) се проблемите со кои се соочуваат Македонците од исламска вероисповед и Албанците и Турците кои му припаѓаат на Бектешкиот тарикат.Религиската нетрпеливост беше манифестирана во огромни размери и во конфликтот околу изградбата на црква на плоштадот Македонија во Скопје (http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=2E4023C71FA89C43A240AEA936607D91&arc=1)

32 Би свртеле внимание дека терминот „познаници" може да биде сфатен многу широко и во таа смисла и најинцидентен контакт може некого да го вброи во редот на познаници.

33 На пример: Извештајот направен од страна на ЕКМИ (file:///G:/ZA%20IZVESTAJOT%20ZA%20DISKRIMINACIJA/%D0%A0%D0%BE%D0%BC%D0%B8/regri_mk_index.htm), или анегдотските примери од практиката: испишување на учениците од класот чиј класен раководител е наставник од ромската етничка заедница во основно училиште во Гостивар, неможност Ромите да влезат во одредени ресторани во Скопје и во Битола, неможност да влезат во некои базени исто во Скопје и во Битола, податоците за посебна полициска бруталност кон Ромите лишени од слобода и сл.

Имено, граѓаните на Македонија не живеат заедно, не комуницираат секојдневно и не воспоставуваат контакти кои би овозможиле перципирање на ваква блискост каква што сакаат да ја прикажат. Мултикултурните вредности се идентификуваат како посакувани на едно генерално ниво и граѓаните на теориско ниво ги прифаќаат, меѓутоа без видливи промени во праксата.

Отсуството на поблиска комуникација нужно се одразува и врз можноста за перцепција на реалната дискриминација на којашто се изложени припадниците на одделни ранливи групи. Недостатокот од перцепција на дискриминацијата посебно се однесува на индиректната дискриминација и затскриената (невидлива) дикскриминација.

*Од аспект на донесувањето закон за заштита од дискриминација, ова значи дека не е сигурно дали граѓаните ќе дадат поддршка за неговото донесување. Напротив, може да се очекува јавното мнение да застане на стојалиште дека постоечките одредби во Уставот и во другите закони даваат доволно основи за заштита од дискриминација и дека не е потребна посебна регулатива и посебно тело.*

*Токму генералното важење на законот и внесувањето на можни основи на дискриминација коишто не се прифатливи за граѓаните (како што е дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација), може да се појави како реална пречка во добивањето поширока поддршка.*

*Токму заради ова, самиот закон мора да биде поширок и да нуди поголем број прецизни објаснувања коишто ќе помогнат во подигањето на општата култура за човекови права и ќе го олеснат практикувањето на правата.*

*Во овој контекст може да се лоцира и еден од елементите на мандатот на комисијата – образование и подигање на свеста за разликите и воспоставување канали на реална комуникација меѓу припадниците на различни групи.*

### 3.2. Перцепција на дискриминацијата

Перцепцијата на дискриминацијата е исклучително важна како од аспект на одбраната на сопствените права, така и од аспект на избегнување дискриминаторско однесување, меѓутоа и препознавање на ваквото однесување кога станува збор за повредата на правата на другите и спремноста да се реагира во вакви ситуации. Перцепцијата на дискриминацијата е посебно поврзана со знаењето, информираноста, но и со развојот на посебни вештини (развојот на „рецептори" за дискриминација) и градењето култура на недискриминација.

Податоците добиени со истражувањето укажуваат на доминантна перцепција на политичката ориентација како можна основа на дискриминација и етничката, како наредна по своето присуство. Резултатите добиени со анкетата не се поклопуваа

со резултатите добиени од претходно направени анкети на сличен примерок.[34] Најголема разлика во двете направени истражувања претставува присуството/отсуството на социјалниот статус како можен основ за дискриминација. Во услови на отсуство на социјалниот статус, видливо доминантни стануваат партиската и етничката припадност.

Повеќе од три четвртини од испитаниците (78 %) ја гледаат припадноста на политичка партија како честа основа за дискриминација. Тоа значи дека е таа сеприсутна или дека толку „боде очи" што ги засенува сите други облици на дискриминација. Изненадува и големиот процент на граѓани кои перципираат честа застапеност на етничка дискриминација (55 %), а не се за потценување ни процентите што укажуваат на честа застапеност и на другите облици на дискриминација, кои се движат меѓу 48,5 % по основа на возраст, 45 % по основа на инвалидност, 40 % по основа на пол и на сексуална ориентација и 37 % по основа на религија/ уверување.

Прашањето за честотата на видовите дискриминација е малку проблематично од аспект на конкретни групи. Имено, прашање е дали под често се подразбира во колкав број од случаите може да се перципира дискриминација или во колкав размер во однос на релевантната група.

Партиската припадност ги тангира многу широк дијапазон граѓани, независно од другите карактеристики (за разлика од возраста или хендикепот) и не е чудно што се појавува како бројчано доминантна. Меѓутоа, прашање е дали еден човек со хендикеп почесто ќе биде изложен на дискриминација поради својата партиско-политичка ориентација или заради својот хендикеп. Истотот прашање може да се постави и во однос на постар човек - дали ќе биде изложен на дискриминација затоа што е стар или заради тоа што припаѓа на конкретна политичка партија.

Посебно загрижува податокот за пониското рангирање на дискриминацијата заради полот во однос на другите дискриминации. И покрај многубројните случаи на дискриминација, оваа дискриминација не се перципира како честа споредена со партиската и етничката. Заедно со религијата и хендикепот, ова е основ за кој најчесто се тврди дека воопшто или ретко се појавува како основ за дискриминација. Ако се земат предвид сите претходно направени истражувања во оваа област (поврзани со

34 Од истражувањето спроведено во рамките на ИСППИ во 2007 година на примерок од 1.600 испитаници на територијата на Република Македонија:

| Во Република Македонија најчесто се дискриминира заради: | |
|---|---|
| Етничка припадност | 29,80 % |
| Вероисповед | 6,10 % |
| Социјален статус | 32,40 % |
| Партиска припадност | 24,80 % |
| Старост | 2,10 % |
| Пол | 1,90 % |
| Некој друг основ | 2,90 % |

традиционалната поставеност на жената во семејството, поголемата неписменост, сиромаштијата, напуштањето на училиште на женското дете, отсуството од високите позиции на власта и посебно семејното насилство), станува многу јасно дека ова е област во којашто отсуствува реална перцепција на дискриминацијата и сфаќањето на дискриминацијата.[35]

Кога станува збор за хендикепот, многу често се меша социјалната заштита со создавањето услови за еднакво практикување на правата и слободите на лицата со хендикеп. Имено, во традиционалните општества вообичаено на лицата со хендикеп се гледа како на луѓе кои треба да бидат згрижени и за кои некој треба да се грижи (најчесто одрекувајќи им ја способноста за самостоен живот). На нив не се гледа како на луѓе кои треба да добијат шанса самостојно да егзистираат, а заедницата да им помогне во остварувањето на нивната независност.[36]

И некои од другите основи на дискриминација можат да се стават во контекстот на ниската култура на човековите права и доминацијата на традиционалниот вредносен систем. На пример, традиционално постарите луѓе треба да си седат дома. Автоматски отсуството на поддршка за зголемување на нивната мобилност (бенефицирани превозни билети, погодни превозни средства кои може да ги користат, сигурност во сообраќајот) не се гледа како отсуство на услов за постигнување недискриминација. Односно, немобилноста на постарите граѓани не се гледа како манифестација на дискриминација. Исто е и со доминантната грижа на жената за децата и за семејството. Несразмерно поголемиот ангажман на жените околу децата не се гледа како манифестација на дискриминација. Ова е толку раширено, што дури и во законските текстови постои стимулирање на нееднаквоста.[37] Последните спотови на Владата со кои се стимулира раѓањето деца во голема мера го промовираат стереотипот за жената мајка, наспроти жената рамноправен учесник во јавниот живот.

Во прилог на ова зборува и податокот за негативната разлика којашто се појавува во однос на перцепцијата за постоење дискриминација. Имено, разликата меѓу исказите на граѓаните на ЕУ и на Република Македонија според која поголем број граѓани на ЕУ перципираат раширена дискриминација (по различни основи) од граѓаните на Република Македонија, многу тешко може да се протолкува како показател за помала дискриминација во Република Македонија.

…………………………..

35 Најчевска М. (1997) - Учество на жената во политиката во република Македонија. Скопје: Friedrick Ebert Stifung, Петроска-Бешка, В. & Najčevska, M. (1998). *Situation Analysis Children and women in the Republic of Macedonia*. Скопје: УНИЦЕФ, овие податоци се присутни и во сите извештаи во сенка во врска со КЕФДЖ изработени од страна на невладините организации во Македонија (http://www.esem.org.mk/Root/mak/default_mak.asp)

36 „Да се запрашаме заедно" (анализа на анкета): согледување на состојбите и можностите за вклучување на лицата со хендикеп во општественото живеење), Полио плус, 2005 год.

37 На пример, во Законот за заштита на децата, Сл. весник на РМ, бр. 98/2000, во членовите каде што би требало да фигурира родител вообичаено се зборува за мајката.

*Од аспект на активностите коишто би требало да се преземат, овие податоци сугерираат потреба од:*

- *сензибилизација на граѓаните на РМ за различни облици на дискриминација;*
- *Зголемување на нивото на знаење и информирање;*
- *проблематизирање на традиционалните вредности коишто се во спротивност со остварувањето на основните права и слободи;*
- *донесување соодветна законска и подзаконска регулатива (правна рамка);*
- *стимулирање на соодветно медиумско прикажување на дискриминацијата и*
- *последиците од дискриминацијата врз остварувањето на основните права и слободи;*
- *стимулирање на придвижување случаи за дискриминација пред судовите.*

*Од аспект на формирањето комисја, податоците говорат во насока на потреба од широк едукативен мандат на комисијата и развивање стратегија за соработка како со медиумите, така и со граѓанското општество (пред сѐ во насока на развивање широки кампањи за подигање на свеста).*

### 3.3. Прифаќање на разликите

Мултикултурната структура на Македонија, мултикултурното живеење и традицијата на меѓусебно разбирање на припадници на различни култури, се вредности коишто декларативно континуирано се промовираат во Република Македонија. Во тој контекст и одговорите поврзани со разликите и прифаќањето на различноста мора да се погледнат низ призмата на социјалната пожелност на одделни одговори во споредба со реалните случувања.

На пример, како многу проблематичен може да се издвои  заклучокот којшто произлегува од добиените податоци дека „Граѓаните на Р. Македонија се чувствуваат главно пријатно во врска со различноста во своето опкружување". Овој податок е во спротивност со показателите на многу други истражувања и на она што се случува во практиката.[38]

Исто така, високиот процент на одговори според кои постои огромна спремност (7,8 од 10) да се живее покрај комшија Ром е во потполна спротивност со податоците за постоењето акти на отворена и директна дискриминација токму кон припадниците на ромската заедница (написи во весници, постапување на полицијата, постапување во училиште, постапување на шалтерски службеници). Ова ја прави многу неверојатна

……………………………..

38 Искажаната спермност да се има сосед којшто е припадник на друга етничка заедница е во директна спротивност со процесите на создавање етнички чисти делови од градовите и потполно етнички чисти села и помали населени места коишто се одвиваат во Република Македонија. Неревирзибилниот процес на отселување на внатрешнораселените лица по конфликтот од 2001 година го потврдува овој тренд.

искажаната спремност да се живее заедно. Ако овој податок се спореди со податоците добиени од дел од истражувањата (според кои Ромите најниско котираат на скалилата на пожелност и најголем број од стереотипите и предрасудите се поврзани со нив), тогаш навистина може да се постави прашањето на отсуство на вистинска перцепција на реалната дискриминација којашто постои во однос на припадниците на ромската етничка заедница.[39]

Тврдењето на најголем дел од испитаниците дека би се чувствувале многу пријатно доколку за соседи имаат припадници на друга етничка заедница или религиозна група оневозможува да се идентификува вистинската ситуација.
Слична е ситуацијата со тврдењата на голем дел од испитаниците поврзано со прифаќањето припадници на одделни ранливи групи на високи функционерски позиции (8,9 на скалилото од 1 до 10). Високиот процент на граѓани кои не би имале ништо против на највисоко функционерско место во државата да видат жена или лице со хендикеп, не може да најде потврда во фактичката ситуација којашто постои во Република Македонија.[40]
*Од аспект на законот за заштита од дискриминација, овие податоци може да индицираат потреба од многу прецизно дефинирање на елементите на позитивна дискриминација/ афирмативна акција на државата.*
*Од аспект на комисијата, овие податоци ја потврдуваат потребата од дефинирање на многу силна компонента за едукација и подигање на свеста.*

.................................

39 Во истражувањето направено за детското шоу „Наше маало" (ЦЧПРК), може да се види дека негативните стереотипи и предрасудите кон припадниците на ромската заедница постојат многу рано (уште на возраст од 5 до 6 години). Ова е индикатор на таква рашireност и присуство на овие стереотипи што ги прави општоприфатени и го детерминира однесувањето на голем дел од граѓаните во Република Македонија.Извори на несигурност во Република Македонија, УНДП (2001), Ситуациска анализа на положбата на детето и на жената во Република Македонија (УНИЦЕФ, 1997) – истражување, http://www.nationalroma-centrum.org/mk/sredba-so-thomas-hamarberg/; Реџепи, Н, (2007), Политики за интеграција на Ромите во Македонија-реалност или илузија?, Асоцијација за демократски развој на Ромите – „Сонце", Тетово (http://www.sonce.org.mk/publikacii/Policy_brief/Policy_brief_analyzes.pdf)

40 На пример: фактот дека жените успеаја да „влезат" во Собранието на Република Македонија единствено по воспоставувањето на многу прецизни квоти во Изборниот законик и отсуството на макар една жена градоначалник по последните локални избори (март 2009 год.), дава сосема поинаква слика за ситуацијата во реалноста.

## 3.4. Искуства со дискриминација

Наспроти тврдењата за сопствената висока толерантност и отвореност кон разликите, кога станува збор за сопствените искуства дури 33,5 % од испитаниците се изјасниле дека во текот на последната година биле жртви на дискриминација и малтретирање најмалку по една од основите што беа предмет на истражување, односно дека биле сведоци на дискриминација на друг.

Според добиените податоци, тие што се изјасниле дека имаат припадници на одредени ранливи групи (групи подложни на дискриминација) во сопствениот социјален круг, не се појавуваат како помногубројни во перцепцијата на дискриминација кај истите тие групи.

Овој податок повторно нѐ упатува на заклучок дека може да постои несфаќање од страна на граѓаните за тоа што е дискриминација и голема доза на несамокритичност во однос на сопственото однесување. Меѓутоа, она што е многу поважно е дека сите овие случаи не се разрешуваат низ институциите на системот. Имено, фактот дека не се водат постапки за дискриминација пред редовните судови и пред Уставниот суд на Република Македонија и податокот за исклучително малиот процент претставки за повреда на правата врз основа на дискриминација поднесени до Народниот правобранител (0,69 % од вкупниот број претставки), укажува на отсуство на ефективни заштитни механизми коишто ќе им овозможат на граѓаните реална заштита.

*Од аспект на донесувањето на закон за заштита од дискриминација, овој податок мора да се искористи во функција на многу прецизно формулирање на едноставни постапки и процедури коишто ќе им овозможат на граѓаните:*

- *да добијат совет (да се консултираат) во врска со случаи каде што се сомневаат дека постои дискриминација;*
- *да поведат постапка пред соодветен суд;*
- *да добијат оштета во случај на направена дискриминација.*

*Од аспект на комисијата, ова подразбира потреба од формирање посебен советодавен оддел, каде што граѓаните ќе можат да добијат информации за тоа дали во нивниот случај станува збор или не за дискриминација, за средствата за заштита коишто им стојат на располагање и за процедурите на постапување.*

## 3.5. Борба против дискриминацијата

Мислењата за тоа дали се вложуваат напори против дикриминацијата се многу поделени. Поголем дел од граѓаните сметаат дека не се вложуваат доволно напори или воопшто не се вложуваат напори во борбата против дискриминацијата, меѓутоа исто така значаен дел смета дека се вложуваат вакви напори (до извесна мера, па дури и сосема доволно).

Овој податок мора да биде поставен во контекстот на широката перцепција на проблемот на дискриминацијата во Република Македонија, пред сѐ како проблем на

дискриминација врз етничка основа и мерките коишто се преземаат токму во борбата против овој вид дискриминација.

Во досегашните активности поврзани со посочувањето на различните облици на дискриминација, ова претставува континуирана пречка за пошироко согледување на проблемот на дискриминација и диференцирање на различните облици на дискриминација од доминантно етничката.

*Од аспект на комсијата, овој податок треба да се искористи во насока на јасно дефинирање на различните основи на дискриминација и нивото на ранливост на припадниците на различни групи зависно од обликот на дискриминација.*

*Посебно значаен фактор претставува отворањето широк фронт на борба којшто подразбира покрај веќе спомнатите образование, информирање и развој на заштитни механизми, и канали на влијание врз центрите на одлучување. Токму елементот на можност за анализа на законската и подзаконската регулатива од аспект на дикриминацијата, иницирањето промени и директното учество во хармонизацијата на легислативата со стандардите на ЕУ, треба да претставуваат значајни компоненти во структуирањето и дејствувањето на комисијата.*

### 3.6. Познавање на правата

Според добиените податоци, поголем број од граѓаните на Република Македонија во однос на тие на државите на ЕУ сметаат дека ги знаат своите права доколку се жртви на дискриминација. Ова е навистина многу проблематично ако се има предвид дека еден од најголемите проблеми со кои се соочува практиката на заштита од дискриминација во Република Македонија е токму отсуството на прецизна регулатива и ефикасни механизми за заштита во случај на повреда на правата. Веќе спомнавме дека нема судски процеси за заштита заради дискриминација, под 1 % од претставките доставени до Народниот правобранител се однесуваат на дискриминација (по кој било основ) и нема случаи поведени пред Уставниот суд. Доколку 45,5 % од испитаниците ги знаат своите права (при што поголем дел се со високо образование), а над 34 % биле изложени на некој облик на дискриминација, се поставува прашањето зошто нема постапки во кои би барале заштита на сопствените права пред институциите на системот?

Она што може да се изведе како заклучок врз основа на расположливите податоци е дека:

- Граѓаните на Република Македонија не ги знаат навистина своите права (и покрај тоа што многу се зборува за нив);
- Не ги знаат постоечките заштитни механизми;
- Не ги употребуваат постоечките заштитни механизми (затоа што немаат доверба во постоечките институции или пак се плашат да поведат постапка).

*Во врска со донесувањето закон за заштита од дискриминација, ова подразбира формулирање на многу едноставни и разбирливи процедури коишто ќе можат да бидат употребени од страна на граѓаните.*

*Од аспект на комисијата, ова повторно значи потенцирана потреба од едукација, меѓутоа и соодветно и достапно информирање на граѓаните за правата коишто ги имаат и за сите средства коишто им стојат на располагање за заштита на правата.*

### 3.7. Став кон еднакви можности при вработување

Можната дискриминација при вработувањето граѓаните на Република Македонија ја гледаат во партиската и во етничката припадност.[41] Паѓа во очи податокот дека испитаниците сметаат дека во услови на еднаква стручност, изборот ќе зависи тројно повеќе од партиската припадност, отколку од тоа дали лицето има физички хендикеп. Ова е апсолутно спротивно на искуствата од праксата кои покажуваат дека лицата со хендикеп, дури и тогаш кога постојат бенефиции предвидени од страна на државата за нивно вработување, остануваат невработени.[42]

Сè уште голем дел од Албанците (47,5 %) сметаат дека етничката припадност претставува основ за дискриминација при вработувањето. Ова е посебно интересно според податокот дека во последните пет години во државните служби се вработени видливо повеќе припадници на албанската заедница, отколку на македонската (согласно промените во Законот за државна администрација).[43]

Во однос на поддршката за мерки кои обезбедуваат еднакви можности, граѓаните на Република Македонија повторно декларираат висок степен на поддршка на сите мерки коишто би оневозможиле дискриминација (на пример, тврдат дека се многу спремни за постоење квоти со цел постигнување еднакви можности на граѓаните).[44]

……………………………..

41 Интересен е податокот дека токму Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е закон во којшто воопшто не се спомнува дискриминација (Сл. весник на РМ, бр. 37/97).

42 Уште повеќе овој податок може да се проблематизира ако се има предвид неуспешниот обид да се донесе закон за заштита на правата и на достоинството на лицата со хендикеп. И покрај собраните над 10.000 потписи од граѓаните, овој закон не влезе во собраниска процедура, меѓу другото, токму и заради финансиските импликации коишто би ги имал овој закон во обезбедувањето на еднаквиот третман на лицата со хендикеп.

43 http://alsat-m.tv/mk/vesti/zemja/9687.html, Одговор на пратеничко прашање од пратеникот Тахир Хани на 30-тата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 27 ноември 2008 г., Анализа на политиката и буџетските импликации за „Соодветна и правична застапеност на заедниците" (http://forum-csrd.org.mk/wp-content/uploads/analiza_za_pravicna_zastapenost.pdf)

44 Овој податок е во спротивност со многу тешкиот процес низ кој се пробиваше идејата за формулирање квоти во Изборниот законик или податокот за случаи поведени пред Уставниот суд (на пример: У. број: 206/1993-0-0, датум на донесување: 02.22.1995 г.).

Според овие податоци, граѓаните на Република Македонија поддржуваат позитивна дискриминација (по сите основи, освен по сексуална ориентација). Меѓутоа, дури и овие високопроектирани заложби се далеку пониски од оние кои се дадени во исказите на граѓаните на ЕУ.

*Од аспект на законот за заштита од дискриминација, очигледна е потребата од многу јасно дефинирање на позитивната дискриминација во самиот закон и прецизирање на случаите кога различното постапување нема да се смета за дискриминација.*

*Од аспект на мандатот на комисјата, индицирана е потреба од развивање компонента на набљудување којашто би нудела релевантни податоци за состојбата во одделни области и би овозможила подготовка на периодични извештаи во функција на преземање соодветни мерки во одделни области.*

## Кон резимето за одделните форми на дискриминација

### 4.1. Дискриминација врз основа на партиска афилијација

*Имајќи предвид дека дискриминацијата по основа на партиска припадност не само што се смета за најчест облик на дискриминација во Р. Македонија, туку и за таков кој е далеку позачестен сега, отколку пред пет години, исклучително важно е при дефинирањето на телото за недискриминација да биде ставен акцент на независноста и непартијноста на членовите. Ова подразбира таква процедура на избор којашто ќе им дава гаранција на граѓаните дека навистина ќе може да одговори на поставената задача на борба со овој вид дискриминација.*

### 4.2. Дискриминација врз основа на етничка припадност

Многу е впечатлив податокот дека 37 % од граѓаните мислат дека дискриминацијата според етничка основа е почеста сега, отколку пред 5 години.[45] Ако се има предвид дека во овој период се направени големи зафати во законската регулатива во насока на аплицирање на принципот на правична застапеност и се направени интервенции во практиката (отворање универзитет на албански јазик, зголемување на процентот на вработени во администрацијата - локална и централна, на припадници на етничките заедници, зголемување на бројот на општини во кои градоначалници се припадници на етничките малцинства, употреба на јазикот на малцинските заедници во многу поголем обем, се поставува прашањето од каде произлегува ваквата перцепција?

Во случајот не е важно дали навистина продолжува да опстојува етничката дискриминација или не. Многу поважно е дека постои чувството на дискриминација коешто треба да се посочи како со структурата на телото и начинот на избор, така и со мандатот на телото.

…………………………..

45 Многу е значаен податокот дека овој став е видливо поширен кај анкетираните Албанци, отколку кај Македонците.

*Во таа смисла, од аспект на структуирањето на телото за недискриминација исклучително важно е да се посочи искажаното чувство на дискриминација врз основа на етничка припадност. Ова подразбира таква структура на телото којашто ќе ја одразува мултикултурноста на Македонија. Логична импликација од ваквото барање е воспоставување тело со колективен раководен орган.*

## 4.3. Дискриминација врз основа на религија или уверување

И покрај огромното влијание на одделни верски заедници (посебно МПЦ и ИВЗ)[46] и неверојатно силните чувства коишто се појавија во последно време токму во врска со верските убедувања[47], ова не се перципира како растечки основ на дискриминација и на дискриминацијата по религиска основа се гледа како на најретка од сите други облици на дискриминација, која во последните пет години пројавува тенденција за намалување.

*Во законот за заштита од дискриминација мора да се инсистира на употребата на соодветна терминологија во дефинирањето на уверувањето како можен основ на дискриминација (којашто во себе ќе го содржи и верското уверување и сите други уверувања).*

*Комисијата ќе треба да развие посебен оддел којшто би се занимавал со овој вид дискриминација (како во контекстот на светските случувања поврзани со барањата за глобална борба со клеветењето на религијата, така и во врска со растечката улога којашто религијата ја има во општествениот и политичкиот живот во Република Македонија).*

## 4.4. Дискриминација врз основа на хендикеп

Дискриминацијата врз основа на хендикеп е перципирана како еден од средно застапените облици на дискриминација (некаде помеѓу возрасна и полова дискриминација). Ова е навистина интересен податок ако се има предвид невработувањето и злоупотребите при вработување на лицата со хендикеп, отсуството на истите од секојдневното живеење, постоењето посебни школи и отсуството на инклузија на децата, архитектонските пречки, немобилноста и потполното отсуство

................................

46 Од истражувањето спроведено во рамките на ИСППИ во 2007 година на примерок од 1.600 испитаници на територијата на Република Македонија

| Слободата на уверување и вероисповед не смее да ја загрози позицијата на традиционалните верски заедници во Република Македонија | |
|---|---|
| Се согласувам | 75,80 % |
| Не сум сигурен/ сигурна | 16,70 % |
| Не се согласувам | 7,50 % |

47 Расправата за абортусот, воведувањето на веронауката во формалното образование, физичкиот напад врз студентите кои демонстрираа против изградба на црква на плоштадот, случајот „Вранишковски" и сл.

од сферата на политиката и политичкото влијание.

*Во законот за заштита од дискриминација мора да се издвојат одредбите коишто ќе ја гарантираат еднаквоста во остварувањето на правата на лицата со хендикеп и посебно создавањето соодветни услови за остварување на овие права.*

*Комисијата во својот состав и во својата работа мора да го обезбеди видливото присуство на лицата со хендикеп. Од институционален аспект може да се сугерира формирање посебен оддел којшто би се посветил на оваа проблематика (од аналитички аспект, набљудување, но и поддршка на конкретни случаи).*

## 4.5. Дискриминација врз основа на сексуална ориентација

Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е перципирана како една од помалку застапените облици на дискриминација. Истовремено, се перципира и како облик на дискриминација кој не зачестува во последните пет години.Ова е во спротивност со сите други податоци кои зборуваат за неверојатно голем отпор спрема лицата со нехетеросексуална ориентација. Искажаните ставови на отворено отфрлање на лицата со нехетеросексуална ориентација не може да нема последици во она што претставува однос на дискриминација.

И покрај очигледното одбивање на хомосексуалците од својот социјален круг[48], граѓаните сметаат дека сексуалната ориентација не е фактор кој влијае на вработувањето.

*Од аспект на законот за заштита од дискриминација и од аспект на телото против дискриминација, очигледна е потребата од приод „одозгора кон долу" (уп то доњн), наместо очекување дека прво треба да се промени јавното мнение, па да се преземат промени во законската регулатива и практика. Ова подразбира посебни активности за лобирање како за донесување соодветна законска регулатива (закон за еднаквополови партнерства, на пример), така и за практична заштита и обештетување на жртвите на дискриминација врз овој основ.*

## 4.6. Дискриминација врз основа на пол

Кога станува збор за дискриминацијата врз основа на пол, најпроблематично е идентификувањето на дискриминацијата (како од околината, така и од самата жртва на дискриминација). Проблемот е очигледен кога отсуството од јавниот живот, поголемата сиромаштија, поголемата неписменост, напуштањето на училиштето, поголемиот број малолетнички бракови на женските деца, домашното насилство, не

……………………………..

48 Што се потврдува и во други истражувања, а и во практиката (лицата со нехетеросексуална ориентација не ја декларираат истата во јавноста, па дури и во пошироките приватни кругови и хомосексуалноста е табу-тема, а во стручната литература сè уште се третира како патолошка состојба).

се перципираат како манифестација на полова дискриминација.[49] Декларативноста во оваа област е на исклучително високо ниво и потребно е разработување посебна стратегија за изнесување на проблемот на виделина.

*Во врска со ова, потребно е во рамките на комисијата да се обезбеди полова рамноправност, но и да се преземат посебни мерки за промоција и анимација на јавноста за тоа што значи дискриминација врз основа на пол (посебно медиумска, меѓутоа и глобално едукативна).*

*Посебен дел од работата на комисијата мора да биде посветен на стимулирањето на позитивната дискриминација/ афирмативната акција на државата во функција на обезбедување рамноправен статус на жената во центрите на одлучување, во јавниот живот, но и во семејството и во приватната сфера.*

### 4.7. Дискриминација врз основа на возраст

Прашањето за дискриминацијата врз основа на возраст е едно од најпроблематичните затоа што не е јасно дали испитаниците зборуваат за дискриминација на помладите или постарите. Дискриминацијата на овие две категории е многу различна и со многу различен ефект. Во Македонија многу малку се расправа за дискриминацијата на постарите граѓани (како во образованието, вработувањето, давањето административни услиги, здравствени услуги и сл.).

Посебен проблем претставува отсуството на сфаќање на потребата од самостоен и потполн живот на повозрасните граѓани (повторно поврзано со традиционалните вредности), а во согласност со Принципите на ООН за постарите лица.[50]

*Ова е област којашто допрва треба да се разработува и да стане дел од посебниот интерес на телото за недискриминација.*

……………………………..

49 Овие податоци се присутни во сите  извештаи во сенка во врска со КЕФДЖ изработени од страна на невладините организации во Македонија (http://www.esem.org.mk/Root/mak/default_mak.asp)

50 http://www.globalaging.org

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Сашо Клековски, прв извршен директор

**Автори**
Виолета Петроска Бешка – автор на извештајот
Мирјана Најчевска – автор на анализата на податоците низ призмата на досегашните искуства

**Одговорен соработник**
Емина Нурединоска

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**
КОМА

**Тираж:**
500

ЦИП – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"

316.647.02(497.7)*2009*(047.31)
342.724(497.7)*2009*(047.31)

ПЕТРОСКА Бешка, Виолета
Барометар за еднакви можности / [автори Виолета Петроска Бешка, Мирјана Најчевска], - Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка, 2009, - 78 стр. ; табели; 23 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-102-90-5
Најчевска, Мирјана [автот]
а) Дискриминација – Македонија – 2009 – Истражувања

COBISS.MK-ID 78908682

